ЗАЕДНО СМЕ СЕКОГАШ ПОСИЛНИ | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ПОРТУГАЛИЈА | СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА ВО НАТО | „ОЦ-14 ГРОЗА“

# ШТИТ

Број 115
Мај 2019

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Ние сме НАТО
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## „НЕДЕЛА НА НАТО“

НАТО-атлетска трка
Музејска изложба
Панел-дискусија
Заеднички концерт за Денот на НАТО
Отворен ден на Армијата



# НАТО-атле
# Трчаме кон

По повод „Неделата на НАТО“ и 70-годишнината од основањето на Алијансата, на 6 април во Градскиот парк во Скопје се одржа НАТО-атлетска трка организирана од Министерството за одбрана, Армијата, Евроатлантскиот совет и Атлетската федерација. Заедно со граѓаните на трката учествуваше и министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот на Армијата, генералот Васко Ѓурчиновски, евроамбасадорот Самуел Жбогар, шефот на Канцеларијата на НАТО во Скопје, полковникот Јанковиќ, припадници на Армијата и на Министерството за одбрана. „Денеска и симболично покажавме дека сиве овие години трчавме кон нашата заедничка цел, а тоа е НАТО-членството и таа трка беше за жал потешка од денешната. Таа траеше подолго време и таа бараше многу напори и одрекување. Меѓутоа, нашата држава стигна до целта. Покажавме дека сите сме обединети во желбата нашата земја да стане подобра, да стане побезбедна, да стане




# тска трка
# заедничка цел

попросперитетна. Затоа трчавме кон НАТО, и поради големиот напор и големата енергија успеавме во оваа цел", рече министерката Шекеринска.
Трката ја отвори шефот на Канцеларијата за врски на НАТО, Зоран Јанковиќ, кој изрази убедување дека нашата држава наскоро ќе биде 30-тата земја-членка на Алијансата. Двесте и шеесет натпреварувачи трчаа на патеките од три и од пет километри. Најдобрите тројца учесници од трката на 3 км и од трката на 5 километри беа наградени со учество на меѓународен маратон надвор од државата. Победниците беа прогласени на „Отворениот ден на Армијата" во Градскиот парк во Скопје.







# содржина

ШТИТ ■ година XI ■ број 115 ■ мај 2019


Недела на НАТО
**Музејска изложба** 5

Недела на НАТО
**Заедно сме секогаш посилни** 6

Интервју со
**генерал-мајор Аленка Ерменц, началничка на ГШ на Војската на Словенија** 9

Инфо
**Безрезервна поддршка од Чешката Република** 12

НАТО-армии
**Вооружените сили на Португалија** 16

24 часа
**Одбележување на Денот на 1. механизирана пешадиска бригада** 24

Недела на НАТО
**Горди сме на Армијата** 29

Вооружување
**Автоматска пушка „Galil"** 32

Вооружување
**„ASLAV" - Австралиско лесно оклопно возило на тркала 8x8** 34

Вооружување
**Хеликоптер - „AÉROSPATIALE GAZELLE"** 40

Незадолжително
**Како да водите „тешки" разговори: 8 совети** 45

Едукација
**Релевантноста на Сун Цу денес (втор дел)** 50

Низ историјата
**Историја на конфликтите во Јужен Судан** 53

Филм
**„Прво го убија татко ми"** 56

# „Ние сме НАТО“

НАТО е формиран на 4 април, 1949 година, кога 12 земји потпишаа договор во Вашингтон, обврзувајќи се на колективна основа да му се спротивстават на ризикот од обидот на Советскиот Сојуз да ја прошири својата контрола од Источна Европа во други делови на континентот. Основна цел на НАТО дадена во Вашингтонскиот договор е да ја штити слободата и безбедноста на сите нејзини членки, користејќи политички и воени средства. Од тогаш, па сѐ до денес, НАТО е најголем воено-политички сојуз во кој членуваат 29 земји-членки, во кој час поскоро и Република Северна Македонија ќе може активно да партиципира како 30. земја-членка. 4 Април како Ден на НАТО се прославува во сите земји-членки. Република Северна Македонија и во изминатиот период, секоја година на пригоден начин го одбележуваше Денот на НАТО. А, оваа година, која е јубилејна за НАТО бидејќи ја прославува 70-годишнината од своето формирање, во нашата земја на посебен начин и со повеќе пригодни активности го одбележавме големиот јубилеј и со посебен ентузијазам им покажавме на пријателите од НАТО-сојузот дека ние веќе се чувствуваме како дел од големото семејство и дека подготвено го чекаме денот кога и официјално ќе бидеме примени како 30. земја-членка.

По повод Денот на НАТО и 70-годишнината од основањето на Алијансата, во Градскиот парк во Скопје се одржа НАТО-атлетска трка организирана од Министерството за одбрана, Армијата, АТА и Атлетската федерација. Заедно со граѓаните, на трката учествуваа и министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, началникот на ГШ на Армијата, генералот Васко Ѓурчиновски, евроамбасадорот Самуел Жбогар, шефот на Канцеларијата на НАТО во Скопје, полковникот Јанковиќ, припадници на Армијата и на МО. Министерката за одбрана изјави дека со оваа трка и симболично покажуваме дека сиве овие години трчавме кон нашата заедничка цел, а тоа е НАТО-членството. Во Воениот музеј беше организирана музејска изложба „70 години НАТО и Република Северна Македонија, 30. членка на Алијансата“. Меѓу музејските експонати беа и поканата за членство во Алијансата, потпишаниот пристапен Протокол, договорите со Бугарија и со Грција, голем број на одликувања и награди доделени на воениот и на државниот врв и многу други експонати. Беше промовирана и јубилејната поштенска марка посветена на 70-годишнината на Алијансата. Во организација на Министерството за одбрана и фондацијата „Фридрих Еберт“ – Канцеларија Скопје, се одржа панел-дискусија „70 години НАТО – успех кој се должи на подготвеноста за промени“. Во Националната филхармонија во Скопје, под мотото „Заедно сме посилни“, воените оркестри на Грција, Словенија, Велика Британија, САД и Република Северна Македонија, со заеднички концерт го одбележаа 70-годишниот јубилеј од основањето на НАТО. Во повеќе градови беше организиран „Отворен ден на Армијата“, а во Градскиот парк во Скопје, армиските гардисти, припадниците на специјалните единици, Воениот оркестар и припадниците на Единицата за специјални задачи на МВР и Воздухопловната бригада, ги покажаа своите вештини пред граѓаните на нашата земја. Посетеноста и учеството на граѓаните и поддршката од претставниците на дипломатскиот кор на сите овие настани уште еднаш потврди дека „Ние сме НАТО“.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„ФЕНИКС ПРИНТ“
ДООЕЛ Кочани

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.






# Музејска изложба

# „70 години НАТО и Република Северна Македонија, 30. членка на Алијансата“

На 4 Април – Денот на НАТО, во Воениот музеј беше организирана музејска изложба „70 години НАТО и Република Северна Македонија, 30. членка на Алијансата“.
Поканата за членство во Алијансата, потпишаниот пристапен Протокол, договорите со Бугарија и со Грција, голем број на одликувања и награди доделени на воениот и на државниот врв и многу други експонати се дел од музејската изложба.
На изложбата беше промовирана и јубилејната поштенска марка посветена на 70-годишнината на Алијансата. Издавањето на поштенската марка ја следи традицијата на издавање на првите поштенски марки на НАТО во 1952 година, од страна на Соединетите







Американски Држави и Португалија.
„НАТО-алијансата е најмоќниот воено-политички сојуз на денешницата и на Денот на НАТО, добро е да се потсетиме на ’моторот’ на оваа организација, а тоа е колективната одбрана и безбедност, но можеби уште поважно, на духот и вредностите кои се вградени во темелите на Евроатлантската алијанса, а тоа се индивидуалните слободи, демократијата, човековите права и владеењето на правото“, рече министерката за одбрана Радмила Шекеринска на отворањето на изложбата.
Министерката додаде дека досега Денот на НАТО го одбележувавме не само затоа што веруваме во вредностите на Алијансата, туку и затоа што имавме јасна цел да бидеме нејзин дел. Порача дека оваа година, овој ден е и ден на нашата земја, на нашите граѓани.
„Денеска е подобро. Денеска е поинаку. Денеска овој ден е и наш ден како



земја поканета да стане членка на НАТО. Денеска сме горди затоа што и нашата татковина седи на масата на Алијансата заедно со сите сојузници, а очекуваме во брзо време да има можност и да носи одлуки кои ќе влијаат на глобалната сигурност, глобалната безбедност и мирот во светот“, истакна Шекеринска.
Во контекст на членството во НАТО, министерката истакна дека на овој ден, најголемата честитка стигна од Полска и од Словачка, чии парламенти го ратификуваа Протоколот за членство на нашата земја во Алијансата.
„Го одбележуваме 4 Април, верувајќи во уште помирно, побезбедно, попросперитетно утре за сите нас. Гледајќи низ историјата, преку сите поставки на оваа музејска изложба, се потсетуваме каде бевме, но и што сè постигнавме заедно со многу труд, со многу работа, со многу одрекувања и често пати со болни компромиси. Следниот 4. Април, на ова место немам дилеми дека заедно со овие важни документи ќе стои и последниот печат, а тоа ќе биде документот со кој ние ќе се потврдиме како 30. членка на најмоќниот воено-политички сојуз“, заклучи министерката Шекеринска.
По отворањето на музејската изложба во организација на Министерството за одбрана и фондацијата „Фридрих Еберт“ – Канцеларија Скопје (ФЕС), се одржа панел-дискусија на тема „70 години НАТО – успех кој се должи на подготвеноста за промени“.
Началникот на Генералштабот на Армијата, генералот Васко Ѓурчиновски, на панел-дискусијата истакна дека му претставува чест да се биде на врвот на воената хиерархија и да се раководат процесите за имплементирање на стандардите за полноправно членство во НАТО.
„Ги споделуваме вредностите, принципите, но и одговорностите од членството во Алијансата“, рече Ѓурчиновски.
На панел-дискусијата учествуваа и генералот Стјуард Скејтс, заменик-командант на НАТО на Командата во Брунсум, пензионираните генерали Илија Николовски и Мирослав Стојановски, полковникот Зоран Јанковиќ, шеф на НАТО-канцеларијата за врски во Скопје, директорката на ФЕС Ева Елерајт и професорката Лидија Георгиева.




# ЗАЕДНО



Под мотото „Together we stand“ во организација на Армијата и Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, на 4 април во Националната филхармонија во Скопје, воените оркестри на: Грција, Словенија, Велика Британија, Соединетите Американски Држави и Република Северна Македонија, со заеднички концерт го одбележаа 70-годишниот јубилеј од основањето на НАТО-алијансата.
Исклучителната изведба на петте воени оркестри ја следеа заменичката на претседателот на Владата на Република

# СМЕ СЕКОГАШ ПОСИЛНИ





Северна Македонија и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Васко Ѓурчиновски, министри во Владата на Република Северна Македонија, пратеници, поранешни министри за одбрана, како и поранешни началници во Генералштабот на Армијата, претставници на верските заедници, претставници на военодипломатскиот кор акредитирани во Република Северна Македонија, активни и пензионирани генерали на Армијата, припадници на Министерството за одбрана и Армијата.

Пред почетокот на концертот, министерката Шекеринска се обрати пред присутните,



„Претставува особена чест да се биде тука и да се соработува со Воениот оркестар на Република Северна Македонија, како и со воените оркестри на нашите сојузници и партнери од Словенија, Грција и Велика Британија, а со делувањето на универзалниот јазик на сцената покажуваме колку нашата поврзаност е силна ”

**мајор Рендал Бартел, диригент на Воениот оркестар од САД**

„Среќни сме што сме тука и што сме дел од овој голем заеднички концерт на пет различни воени оркестри”

**ппк Аљоша Дефери, диригент на Воениот оркестар од Република Словенија**

поздравувајќи и честитајќи го Денот на НАТО и изрази особено задоволство за успешно реализираните амбиции, притоа истакнувајќи дека освен што „заедно сме посилни”, реализацијата на еден ваков концерт ќе покаже и дека „заедно сме подобри”.
Со интонирање на химните на НАТО и на Република Северна Македонија, под диригентската палка на маестро мајор Горан Илијевски, беше одбележан почетокот на концертот, а со помпезната „Фестивалска фанфара“ и „Африканската симфонија“ беше исполнет првиот блок од композиции на Здружениот оркестар.
Музичката програма продолжи со музички блокови диригирани од страна на диригентите од воените оркестри: диригент Константинос Константинопулос од Грција, диригент ппк Аљоша Дефери од Република Словенија, диригент Сара Маринеску од Велика Британија, диригент мајор Рендал Бартел од САД и последниот музички блок беше диригиран од мајор Горан Илијевски од Воениот оркестар на Република Северна Македонија.
Од заедничкиот музички колаж можеше да се забележи дека реализацијата на заедничкиот концерт на здружениот оркестар беше уживање не само за присутните, туку и за музичарите-

„Генералните и лични впечатоци на диригентите и музичарите се одлични, а реакцијата на публиката е секогаш видлива и претставува репер за квалитетот и нивото на концертот. Нашиот оркестар уште еднаш ја докажа својата професионалност, но и компатибилност со воените оркестри на НАТО-сојузниците”

**мајор Горан Илијевски**

амбасадори на мирот од пет различни нации, кои комуницираа на еден универзален јазик, а со тоа придонесоа достоинствено одбележување на 70-годишнината од формирањето на Алијансата.

Панде Димоска

# Заедничка обука за строеви постапки на оркестар



40. армиски бенд е основан во 1907 година,а бил организиран како прв пешадиски бенд во Братилборо. Тој е еден од тимовите за брза реакција на Националната гарда на Вермонт и се одликува со бројни музички и борбени способности. Учествувал на бројни мисии за обука и изведба



Тим од 40. армиски бенд од Националната града на Вермонт, САД, во периодот од 18.03. до 22.03 ја посети Република Северна Македонија. Посетата беше во согласност со планот за билатерална соработка со САД “Military Band Operations” а со цел заеднички да се тренираат строеви постапки на оркестар, и тоа постапки во место и движење со состав на оркестар и постапки при движење со изведба на музика.
Тренинзите за строеви постапки беа реализирани во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, кои после бројните повторувања завршија со генерална проба и демонстрација на наученото. Ова е прво вакво искуство за припадниците на Воениот оркестар на нашата армија а првиот наредник Ерин Грахам за членовите од нашиот Воен оркестар ќе истакни дека се извонредни музичари кои брзо ги учат и брзо ги совладуваат покажаните техники, но, пред се, тие се добри домаќини.

П.Д.



Интервју со

# генерал-мајор Аленка Ерменц,

## началничка на Генералштабот на Војската на Словенија

# ВИ ЧЕСТИТАМ НА ПРОГРЕСОТ

Во текот на април во официјална посета на Армијата и на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија беше висока делегација од Војската на Република Словенија на чело со генерал-мајор Аленка Ерменц, началничка на Генералштабот на Војската на Словенија. Поддршката која со години наназад ја добивавме од Република Словенија во секој поглед, како и брзата ратификација на Пристапниот протокол од страна на Република Словенија е политичка порака дека таа поддршка ќе продолжи и дека двете земји го зацврстуваат партнерството и одбранбената соработка



**Вие сте единствена жена-началник на Генералштаб на армија во рамките на земјите-членки на НАТО. Вашето назначување беше проследено како вест во сите светски медиуми како редок пример на жена на толку висока функција, која се смета за машка. Каков е Вашиот став?**

– Ова назначување го сметам првенствено како одговорност кон воената професија, словенечките вооружени сили и нивните припадници. Верувам дека напорната работа, посветеноста и несебичната служба на крајот секогаш се наградени. Воената професија не е за слабите, понекогаш треба да се борите со препреките за да успеете. Сепак, тоа го прави човекот уште посилен и поотпорен.

**Имате учествувано во повеќе меѓународни вежби и активности,**



**Ве молиме, наведете некои од поважните и дали имате искуство во заеднички активности со припадниците на Армијата на Република Северна Македонија?**
– Сум вршела голем број на должности, меѓу кои командна должност на тактичко ниво и штабни должности на оперативно и на стратегиско ниво поврзани со операции, персонал и обука. Во мултинационалните сили на КФОР служев како началник на Одделот за персонал во Командата на КФОР (НАТО-команда КФОР), како замена на заменик-началникот на Штабот, како поддршка (поддршка на заменик-началникот на Штабот на КФОР) и како советник за кадровски прашања на Командантот на КФОР. Во текот на мојата кариера сум учествувала активно во повеќе вежби на Словенечките вооружени сили во Словенија и во странство, како и во вежби за управување со кризи во НАТО и во ЕУ. Покрај тоа, член сум на повеќе меѓуминистерски и секторски проекти и работни групи, одбори и комисии. На многу од овие задачи имав задоволство да работам со професионални и посветени припадници на Армијата на Република Северна Македонија.

**Каде и како се обучува персоналот за потребите на Војската на Република Словенија и дали имате квоти за прием на жени во Армијата?**
– Ние немаме квоти за прием на жени во словенечките вооружени сили. Жените имаат право да работат во сите единици и специјалности. Припадниците на Војската на Република Словенија најчесто се обучуваат во рамките на нашиот систем за образование и обука. Сепак, многу припадници се обучуваат и во земји-членки на НАТО и сојузниците.

**Дали сметате дека одѕивот на младите кон воениот повик е задоволителен и дали имате специјални стимулативни мерки за привлекување висококвалитетен персонал во Армијата?**
– Би сакале да имаме подобар одѕив кај младите луѓе за воениот позив и професија. Сегашната ситуација е одраз на многу фактори, од демографски, економски до платниот систем и фактот што војската е дел од државната администрација. Треба да се доближиме до младите и соодветно да им ги презентираме воениот начин на живот, вредностите на воената организација и предностите на воената професија. Има многу промени во областа на регрутирање и сé уште е потребно уште многу работа.



**Словенија е голем поддржувач на Република Северна Македонија од секој аспект. Колку е важно членството во НАТО за армијата и државата како целина. Кажете ни за некои од придобивките и одговорностите што ги стекна вашата војска од членството во НАТО?**
– НАТО се грижи за безбедноста на речиси една милијарда граѓани во Европа и во Северна Америка. Тоа значи дека приемот во НАТО ќе овозможи дваесет и девет други земји да се обврзат да ве штитат и да помагаат за вашата безбедност. Мора да се каже дека безбедноста е темел за просперитет и економски развој.Членството ќе придонесе за стабилноста во целиот регион и мислам дека тоа го видовме во текот на изминативе години, бидејќи проширувањето на НАТО придонесе за мир, стабилност и просперитет низ цела Европа, но исто така и во регионот. Напредокот е многу важен за сите. Тоа се рефлектира во сите сојузници на НАТО, бидејќи кога нашето соседство е постабилно, ние сме посигурни, а најдобриот начин да се придонесе кон стабилноста е, секако, НАТО да биде посилно, со повеќе членки, вклучувајќи ја и вашата земја. Можеме да тврдиме дека националната безбедност е најголемата придобивка за нашите земји. Исто така, демократијата, стабилноста и владеењето на правото се темелат на безбедноста на земјата. Од друга страна, принципот на консензус и едногласност дава нешто што малите земји никогаш претходно го немале. Тој нè вклучува во процесот на донесување одлуки на еднаква основа со големите сили. Сепак, кога ќе ги искомбинираме сите овие придобивки, неизбежно доаѓаме до заклучок дека најголемата корист за нас како членка на НАТО е можноста сами да ја одредуваме нашата сопствена судбина.

**Која е Вашата порака до нашата армија пред приемот во НАТО?**
– Добредојдовте во вашето ново семејство. Ние сите сме ваши пријатели! Ви честитам за напредокот што го постигнавте, носејќи ја оваа земја напред. Ве охрабрувам да продолжите со реформите во безбедносниот сектор. Тоа ќе ве направи побезбедни, посилни и подобро подготвени да работите рамо до рамо со сојузниците на НАТО. Вие веќе обезбедувате значителен придонес кон меѓународната безбедност. Затоа, ви благодариме за придонесот во нашите воени операции и мисии и за вашата помош за промовирање на стабилноста во Западен Балкан. НАТО е сојуз на многу различни нации, со различна географија, историја и политички системи. Тоа е демократијата. Отворената дискусија и различните ставови не се знак на слабост. Тие се знак на сила. Кога сите парламенти на НАТО-сојузниците ќе го ратификуваат вашиот прием, ќе станете триесеттата членка на оваа алијанса, со столче на нашата маса, со еднаков глас во нашите дискусии и одлуки. Тоа ќе биде горд и важен ден за вашата и за мојата земја.

**Кои се првите три разлики што ќе ги доживее нашата армија пред и по членството во НАТО?**
– Првата, втората и третата разлика што вашата армија може да ги види денес и да ги почувствува во иднина



како полноправна членка на НАТО, е вистинското и искрено пријателство во Алијансата. Пријателството не бара ветувања, нема барања и никакви очекувања. Само искреност и доверба. Се очекува ратификацијата во парламентите на сите земји наскоро да заврши. Приемот на Северна Македонија во семејството на демократски држави во НАТО ќе придонесе за стабилноста на регионот, на цела Европа и на целокупната евроатлантска безбедносна област. Пристапувањето на вашата земја во Алијансата ќе биде последната потврда дека интеграцијата е победа за сите, и за поединечните земји и за целиот регион, од една страна, и за НАТО, од друга страна.

**Словенија оваа година обележува 15 години членство во НАТО. Како гледате Вие на овие изминати 15 години?**
– Потребата за приспособување кон стандардите на НАТО, учеството на словенечките војници во мисии и вежби и обуката со војници од други земји на НАТО, ги натераа нашите вооружени сили да постигнат високо ниво на интероперативност со другите членки на Алијансата. Нашиот придонес и вклученост во НАТО-операциите ја направи Словенија сигурен партнер и за нашите сојузници и за други земји. Членството во НАТО беше катализатор за најзначајните промени во словенечките вооружени сили: техничка модернизација, транзиција од воена сила заснована на регрутација во војска на целосно доброволна основа и темелна реформа на командниот и контролниот систем. НАТО стимулираше трансформација. Сепак, не диктираше конкретни решенија.
Членството во НАТО придонесе за професионализација на словенечкиот воен персонал. Наставната програма во воените училишта беше ревидирана. Многу војници се обучуваат во сојузничките центри во: САД, Велика Британија, Германија, Франција и Италија. За многумина, важна фаза во кариерата беше службата во НАТО-силите и во командната структура. Придобивките од членството во НАТО, во текот на последните 15 години, вклучуваат повеќе од само безбедносни придобивки, стабилност, просперитет и колективна одбрана но, исто така, и помош при катастрофи, хуманитарна помош и научна соработка преку Програмата на НАТО за наука за мир и безбедност.
Членството во НАТО-алијансата со себе носи економски придобивки, бидејќи создава постабилно политичко опкружување кое привлекува и ги зголемува странските директни инвестиции. Од таа причина, НАТО е атрактивно, бидејќи потенцијалот на државите е огромен како членки на Алијансата. Тој е огромен во однос на расположивите воени способности, во однос на економскиот капацитет и во однос на учеството во политичкиот процес на донесување одлуки.
За крај, ви посакувам сè најдобро во реализацијата на вашата евроатлантска интеграција и сакам да ја изразам мојата благодарност за вашиот придонес кон безбедноста во регионот.

д-р Жанет Ристоска



# Безрезервна поддршка од Чешката Република

Делегација од МО на РСМ предводена од државниот секретар Драган Николиќ, на покана на чешкото Министерство за одбрана престојуваше во официјална посета на Чешката Република

На самиот почеток на средбата шефот на чешката делегација Радомир Јахода ја истакна одлуката на чешката Влада да му препорача на Парламентот да ја забрза ратификацијата на Протоколот за членството на нашата земја во НАТО. Воедно информираше дека оваа година Чешката Република слави два јубилеи – 20 години членство во НАТО и 15 години членство во ЕУ, притоа потврдувајќи ја безрезервната поддршка за членство на нашата земја во НАТО и во ЕУ. Во однос на билатералната соработка, Јахода потенцираше дека долгогодишната плодна соработка, воспоставените контакти, како и успешниот дијалог, претставуваат добра основа за интензивирање и унапредување на билатералната одбранбена соработка. Државниот секретар Николиќ искажа големо задоволство за зголемениот број средби на високо ниво со динамичен и континуиран политички дијалог и зголемена соработка во многу области. Тој подвлече дека стратегиски цели на Владата се членството во НАТО и во ЕУ и дека Владата е целосно посветена на реформите и враќање на демократските вредности на општеството, особено во однос на слободата на медиумите, владеењето на правото и судството. Воедно, потенцираше дека овој период е историски за Република Северна Македонија заради започнувањето на процесот на пристапување кон НАТО, притоа изразувајќи надеж дека процесот





на ратификација ќе заврши до крајот на годината.
Во текот на средбата државниот секретар Николиќ ги информираше чешките колеги за преземените чекори во однос на реформите во одбраната, перспективите на нашата држава од идното членство во НАТО и очекуваното започнување на преговори со ЕУ.
Дополнително, државниот секретар Николиќ се осврна на безбедносната состојба во регионот и на Преспанскиот договор како позитивен пример за решавање на меѓудржавните прашања.
Двете делегации во текот на разговорите разменија мислења и за придонесот во меѓународни мисии, со акцент на мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан.
Исто така, за време на посетата се дискутираше за конкретни активности во насока на продлабочување на билатералната соработка, се разменија мислења од интерес на двете министерства за одбрана, а беше потпишан и Планот за билатерална соработка за 2019 година.
Во продолжение на посетата, делегацијата предводена од државниот секретар Николиќ го посети Мултинационалниот логистички координативен центар каде што оствари средба со командантот на Центарот, полковник даниел Златник, а имаа и прилика да се запознаат со улогата, структурата и мисијата на Центарот.
Исто така, делегацијата реализираше и посета на 31. полк за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна одбрана на чешките вооружени сили, кој е лоциран во северниот дел на Чешката Република, во градот Либерец.
За време на посетата на 31. полк за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна одбрана, делегацијата реализираше разговори со експерти од оваа област, како и со командантот, полковникот Карел Навратил, кој ја презентираше структурата и мисијата на Полкот. Покрај тоа, делегацијата имаше прилика да се запознае со целокупната опрема со која располага 31. полк за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна одбрана и да присуствува на показна вежба со практична употреба на лабораторијата за испитување на степенот на контаминација и опремата за деконтаминација на контаминиран терен и лица.
На самиот крај на посетата уште еднаш беше потврдена безрезервната поддршка на Министерството за одбрана на Чешката Република за членство на нашата земја во НАТО и во ЕУ и беше изразена подготвеност за продлабочување на билатералните односи и одбранбената соработка меѓу министерствата за одбрана на двете земји.

Виолета Куновска









# Зајакнување на родовата интеграција во одбраната

Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во континуитет преземаат мерки и активности за интегрирање на родовата перспектива и унапредување на еднаквите можности за жените и за мажите.
Со цел воспоставување на ефективен и ефикасен систем за родова еднаквост формирана е Работна група за имплементација на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во чиј состав членуваат искусни, родово обучени и високо мотивирани припаднички и припадници од Министерството за одбрана и Армијата. Од своето формирање Работната група интензивно работи на вториот Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на Советот за безбедност 1325 при Обединетите нации, процедурите и механизмите за заштита и пријава на вознемирување на работното место, подигнувањеање на родовата свест, како и интегрирање на родовата перспектива во плановите и програмите за обука.



Во рамките на втората фаза од проектот „Поддршка на интегрирањето на принципите на родова еднаквост во реформата на секторот на безбедност на Западен Балкан" на 15 април Работната група за имплементација на родовата перспектива во Министерството за одбрана и Армијата одржа работна средба со претставници од SEESAC (South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons). На работната средба присуствуваа околу 30 учесници од Министерството за одбрана и Армијата, активно вклучени во сите сегменти на интегрирање на родовата перспектива.
Состанокот го отвори координаторката на Работната група за имплементација на родовата перспектива Катерина Ставреска, која истакна: „Рамноправноста меѓу половите е една










од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, којашто се заснова на целосно признавање и промовирање на еднакви можности и за жените и за мажите.
Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во континуитет работат на воспоставување на ефективен и ефикасен систем за интегрирање и зајакнување на родовата еднаквост и унапредување на условите и на кадровските политики за развој во кариерата, како и за поефикасно привлекување на нови квалитетни кадри во Министерството и Армијата. За таа цел, со решение од министерката беше формирана Работна група за имплементација на родовата перспектива во МО и Армијата, чии членови се присутни и на денешниот состанок. Работната група интензивно и посветено работи на зајакнување на механизмите за родова еднаквост и притоа ја ужива максималната поддршка од раководството –- од министерката за одбрана и од началникот на Генералштабот.”
Целта на состанокот беше преку отворена дискусија да се мапираат најдобрите практики и резултати од првата фаза на проектот, предизвиците од истиот, како и идните активности кои ќе се реализираат во рамките на втората фаза од проектот. На тој начин би се овозможила понатамошна поддршка на Министерството од страна на SEESAC во зајакнување на политиките и механизмите за родова еднаквост и заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата.
Првата фаза од проектот на SEESAC беше завршена во 2016 година, каде фокусот беше на зајакнување на механизмите за родова еднаквост.
Во овој период беше организирана родова обука за 3500 вработени во МО и Армијата, 250 вработени учествувале на обуки, семинари, конференции и студиски посети надвор од земјата и 14 лица од Министерството и Армијата се НАТО - сертифицирани родови тренери.
Во проектот се вклучени претставници од министерствата за одбрана и армиите на Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина и Република Северна Македонија.
Да се посвети внимание на потребите и приоритетите и на жените и на мажите е цивилизациска вредност, одлика на современото време во кое тежнеењето на човештвото кон демократијата е прифатено како неспорно.



# Вооружените сили на ПОРТУГАЛИЈА

Португалија е земја-основач и членка на НАТО (со уште 11 други држави) во 1949 г. Од 2002 г. е земја-домаќин на Joint Analysis and Lessons Learned Centre од составот на Сојузничката команда за трансформација (Allied Command Transformation - ACT) и од 2012 г. на NATO Naval Striking and Support Forces, од составот на Сојузничката команда за операции

Португалската армија е наменета примарно за одбрана на државата, чија мисија е заштита на територијалниот интегритет на земјата и обезбедување хуманитарна помош дома и во странство. Командите и единиците на армијата се во состав на: Копнената војска, Военото воздухопловство и Воената морнарица. Под команда на Генералштабот на ВС се: Здружената команда за операции (CCOM), оперативна команда одговорна за ангажирањето на армијата во мирно и во време на војна; Оперативната команда на Азорските Острови (COA); Оперативната команда на Мадеира (COM); Воениот институт. Оперативна команда на Азорските Острови е здружена команда на оперативно ниво и се наоѓа во Архипелагот на Азорските Острови. И покрај малата површина, Азорите, поради географската положба, имаат стратешко значење, како за НАТО така и за Португалија.
Командата е составена од: штаб; оперативен центар; органи за





поддршка. Оперативната команда е одговорна за: изработка на планови за употреба на армијата, во случај на вонредни состојби и за одбрана на Азорските Острови, во случај на војна (истите ги одобрува началникот на Генералштабот); реализација на планираните мерки содржани во плановите за одбрана на архипелагот; планирање и реализација на обуката; координација на активностите на армијата и цивилната заштита; планирање и организација на заеднички воени церемонии.
Оперативна команда на Мадеира се наоѓа на групата острови Мадеира. Архипелагот Мадеира е втората автономна покраина на Португалија. Структурата и надлежностите на оваа команда се исти како и кај Оперативната команда на Азорските Острови.
**Копнената војска** се состои од: Механизирана пешадиска бригада (со состав: тенковски полк, 2 механизирани пешадиски баталјони, Артилериски баталјон, батерија ПВО, Инженериска чета, Чета за врски и

Претседателот на државата е воедно и командант на вооружените сили (ВС). Командувањето со армијата е одговорност на Генералштабот на ВС, интегриран во Министерството за национална одбрана

Логистички баталјон); Бригада за брзи реакции (со состав: баталјон командоси, падобрански баталјон, артилериски баталјон, батерија ПВО, инженериска чета, чета за врски и логистички баталјон); Лесна пешадиска бригада; 3 резервни бригади (на територијален принцип); Извидувачки полк (со состав: механизиран пешадиски баталјон, артилериски баталјон, батерија ПВО, инженериска чета, чета за врски и логистички баталјон); пешадиска група за Азори (со 2 пешадиски баталјони и батерија ПВО); пешадиска група за Мадеира (со 2 пешадиски баталјони и батерија ПВО); Баталјон за специјални операции; Баталјон со ISTAR-капацитети; Баталјон ПВО; Инженериски баталјон; Баталјон за отстранување на неексплодирани направи; други помали единици за борбено-сервисна поддршка.
Копнените сили се опремени со: пешадиско вооружување: пушки 7.62мм Heckler & Koch G3, пушкомитралези 7.62 мм Heckler & Koch HK21, пиштоли 9мм Walther P38; тенкови: Leopard 2 A6, оклопни транспортери: Pandur II, V-200 Chaimite(4 x 4) иM113 и извидувачки (4 x 4)V-150 Chaimite и ULTRAV M-11; артилерија: хаубици 105 мм и 155 мм, минофрлачи 81мм, 107мм и 120мм; противтенковски системи: Milan и BGM-71; системи за противвоздушна одбрана (ПВО):Stinger.
**Военото воздухопловство** се состои од 5 воздухопловни бази со: 2 скваднони борбена авијација; 3 сквадрони транспортна авијација; 1 морнарички патролен сквадрон; 3 сквадрони за обука; 1 сквадрон за барање и спасување; единици за набљудување на воздушниот простор и за ПВО.
Единиците располагаат со: авијација: борбена Lockheed F-16 Falcon и Dassault/Dornier Alpha, за морнаричко патролирање Lockheed P-3 Orion и C-295, транспортна C-130H Hercules и за обука TB30 Epsilon; хеликоптери: SA316 Alouette III, SA330S Puma и AW101 (EH101).
**Воената морнарица**, воедно и најстара морнарица во светот, е организирана во: команда; марински полк; ескорт-сквадрон; патролен сквадрон; авијациски сквадрон; подморнички сквадрон; центар за обука; логистичка база; фрегати, корвети, подморници, патролни и помошни бродови.

## Одбранбени прашања

Воениот рок не е задолжителен од 2004 г., но може да биде воведен во случај на недоволна пополнетост на армијата со доброволци или со персонал од резервниот состав. Доброволците се на возраст од 18-30 години. Жените служат во вооружените сили (на поморски бродови од 1993 г.), но им е забрането да служат во одредени борбени единици. По завршување на активната служба, офицерите се обврзани да служат во резервниот состав до 65-годишна возраст.
Бројот на активен персонал на армијата изнесува околу 30.000, од кои околу 7.500 се жени, а резервниот број е околу 210.000. Буџетот на одбраната сè уште ги нема достигнато зацртаните 2% од бруто-домашниот производ (БДП). Тој во изминатите 4 години се движи од 2,6 до 2,9 милијарди евра, што претставува раст од 1,31 - 1,36% од БДП.
Во меѓународната соработка во областа на безбедноста, Португалија е најактивна во „Иницијативата 5 + 5“, дијалог формиран во 1983 г., со цел промовирање соработка меѓу земјите кои се граничат со Западен Медитеран. Заедно со Франција, со Италија, со Шпанија и со Малта развиваат воена соработка, исто со Алжир, со Либија, со Мавританија, со Мароко и со Тунис. Во 2004 г. министрите за одбрана потпишале Меморандум за разбирање и за воена



соработка и План на активности за мултилатерална безбедносна соработка во Западниот медитерански басен, кој опфаќа соработка во областите: учество на ВС во цивилната заштита, контрола на крајбрежјето и заштита на воздушниот простор. Иницијативата се покажала како мошне успешна.

Во тек е реформа на одбраната и армијата на Португалија, започната во 2013 г. која треба до крајот на 2020 г. да дефинира нов модел на национална одбрана и да воспостави современа, пооперативна структура на армијата со поголема ефикасност. Со новиот Стратегиски одбранбен концепт кој дава насоки за трансформацијата, утврдени се моделот, потребните капацитети и рамките на трансформацијата на ВС, со кои се обезбедува исполнување на одбранбената политика, особено во следниве области: интегрирана одбрана на националниот суверенитет; одговор на кризи, мировни и хуманитарни операции; евакуација на своите државјани од кризни подрачја.

Според приоритетите кои се дадени со овие насоки, градењето армиски капацитети се заснова на формирањето: сили за брзи реакции (FRI) – единици со многу висока борбена готовност и наменети за одговор на кризни и вонредни ситуации, како и за евакуациони мисии во кризни и конфликтни подрачја; постојани сили за одбрана на националниот суверенитет (FPAS) – наменети за патролирање, набљудување, противвоздушна одбрана, поморски надзор, барање и спасување, противнуклеарна одбрана и за одговор при несреќи и природни катастрофи; модуларни сили – наменети за исполнување на меѓународните обврски во рамките на колективната одбрана, подготвени за самостоен ангажман од шест месеци, истовремено во три мали или во една голема операција.

Тоа значи дека димензионирањето на капацитетите за учество во колективната одбрана се движи во насока на формирање и поддршка:
- во Воената морнарица – на две поморски единици (фрегати) - амфибиски и подморнички капацитети, бродови за океански патроли и надзор, крајбрежни и океанографски капацитети, наменети за контрола и надзор на поморскиот простор, мисии од јавен интерес и посебни задачи;
- во Копнената војска – на три борбени единици (до ранг баталјон), единици за борбена поддршка или единици за борбено-сервисна поддршка и да може да командува со операција на ниво на една бригада, во секаква борбена операција и степен на интензитет, за ограничено време.
- во Воздухопловните сили – до три воздухопловни деташмани за воздухопловен деташман за подолг временски период. За национални потреби и дополнителни капацитети за контрола на воздушниот простор, вклучувајќи и борбена авијација.




За остварување на овие цели, воениот буџет се планира да биде поделен: 60% за персонал, 25% за операции и 15% за набавки и модернизација. Со воспоставување на долгорочно интегрирано планирање и буџетирање, би биле прераспоредени и оптимизирани планираните ресурси. Бројот на активен воен персонал е одреден во рамките од 30.000 до 32.000. Паралелно со овие реформи, национални проекти во обласа на одбраната кои се во тек се: ревизија на веќе потпишаните договори за набавка и откажување на одредени нарачки (заштеда од 1,3 милијарди евра); опремување на борбените единици; оттуѓување на несуштински системи (продадени 12 половни „F-16“ и остварен дополнителен приход во воениот буџет од 180 мил. евра); реформи во военото здравство (формирање нови здравствени установи); реформи во военото образование (спојување на одредени установи и заштеда од дополнителни 5 мил. евра);преструктуирање на одбранбениот бизнис-сектор со вклучување на поголемо учество на домашни фирми во опремувањето и сервисирањето на армијата.

М.С.



На 5 септември 2017 година, амбасадорот Алехандро Алваргонзалез, помошник-генерален секретар на НАТО за политички прашања и безбедносна политика и адмирал Мишел Хауард, командант на Здружената команда на сојузничките сили во Неапол, Италија, го отворија Јужниот центар на НАТО за стратешко насочување (NATO Strategic Direction South Hub) со седиште во Неапол



# Зајакнување на стратешкото присуство на НАТО во Медитеранот

Јужниот центар на НАТО за стратешко насочување (NATO Strategic Direction South Hub) со седиште во Неапол е дизајниран за промовирање и зајакнување на соработката меѓу Алијансата и партнерите од Блискиот Исток, северна и субсахарна Африка. Центарот на НАТО служи за подобрување на соработката за справување со закани од дестабилизација, тероризам, радикализација, миграција, како и за грижа за животната средина. Секако, една од основните цели е промовирање на континуиран политички дијалог помеѓу членките на НАТО и земјите од Медитеранскиот дијалог и Истанбулската иницијатива за соработка. По многуте години ставање на главниот фокус на Алијансата кон Истокот од Европа, отворањето на овој „Центар за југ" значи дека НАТО презема чекори за поизразена стратегија и кон Југот, со цел избалансирано стратегиско присуство во овој регион. Центарот е прогласен за целосно оперативен на 11 и 12 јули 2018 година, за време на самитот на НАТО во Брисел, со донесувањето на Брселската декларација за трансатлантска безбедност и солидарност (Brussels Declaration on Transatlantic Security and Solidarity). Декларацијата има тринаесет цели, а зголемениот интерес за јужното крило на НАТО е формулиран во таканаречената цел „Пакет за Југот", во која се дадени следните приоритети:

NSDS HUB
NATO STRATEGIC DIRECTION SOUTH

1.Зајакнување на одвраќањето и одбраната против закани кои потекнуваат од Југот.
2.Учество во напорите за меѓународно менаџирање на кризи во регионот.
3.Да им се помогне на регионалните партнери на НАТО да градат отпорност против заканите по безбедноста.

Безбедносните приоритети на државите од Медитеранот и на НАТО покажуваат дека постои основа за поблиско партнерство. Контратероризмот и човековата безбедност се на врвот на агендата на Северот и Југот. Контролата на границите, морињата и сајбер-безбедноста се актуелни политики кои ќе останат централна грижа во годините што доаѓаат. Во тој контекст, партнерите од Медитеранот искажуваат интерес за продлабочен ангажман со НАТО. На стратегиско ниво, партнерите посакуваат повеќе редовни и конкретни мултилатерални дијалози. На практично ниво, тие се интересираат за обуки во областа на контратероризмот и противбунтовничките акции, за размена на разузнавачки информации, обука за поефикасна гранична контрола, за сајбер-безбедност и за цивилна заштита.Предизвиците на јужниот дел на НАТО, од огромните миграциони текови до тероризмот и пиратеријата, се фундаментално транснационални и бараат меѓународна соработка и партнерства за решавање. Членките на НАТО не можат да се надеваат дека ќе се справат успешно со ризиците и заканите на нивна територија, без да се ангажираат земјите од кои потекнуваат тие ризици. Таквото ангажирање не подразбира само воено присуство, туку и тесна соработка со локалните групи и демонстрирање на загриженост за нивните приоритети, што ќе обезбеди понатамошно подобрување на репутацијата на НАТО. Со текот на времето, ова би можело да го зголеми разбирањето на НАТО за Југот како оперативно опкружување, овозможувајќи и понатаму да ја подобри својата севкупна стратегија. Ваквиот пристап е дел од една поширока стратегија на Атлантската алијанса, со цел проектирање на стабилност надвор од нејзините граници, која се реализира преку активности за обука во корист на локалните власти (како што неодамна беа одобрени за Јордан и Тунис). Отворањето на Јужниот центар на НАТО за стратешко насочување ќе овозможи три клучни активности: поврзување, консултации и координација. Работата на Центарот ќе помогне за идното насочување на операциите на НАТО во Медитеранот, со што започна примената на новиот пристап т.н. „Пристап 360°", кој ги разгледува заканите од сите фронтови и обезбедува фокусиран и приспособен одговор.

д-р Златко Кузманов




# СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА ВО НАТО

Стандардите постојат уште од почетоците на пишаната историја за животот на планетата Земја, кои датираат уште од древните цивилизации на Вавилон и Египет. Некои стандарди биле донесени со кралски наредби. Во ерата на Индустриската револуција, потребата од стандардите расте, како што расте потребата од масовно производство и потребата за транспорт на производите. Тука се наоѓаат и почетоците на првите национални и меѓукомпаниски стандарди. За време на Првата и на Втората светска војна, побарувачката за оружје и опрема (како што се авиони, тенкови, возила и нивните резервни делови), била многу поголема од побарувачката за време на мир. Овие барања наметнале потреба од сѐ помасовно производство и поголема продуктивност на воената индустрија. За да се обезбеди доволно оружје и опрема морало да се спроведе рационализација на производната практика. Според тоа, војните претставуваа најважна движечка сила на индустриската стандардизација. Со цел да се има поголема конкурентност на пазарот и да се оствари поголем профит, компаниите сите свои напори ги насочиле кон нови иновативни дизајни и решенија, што довело до техничка некоординација, некомпатибилност меѓу производите; незаменливост на резервни делови и прекумерни и дисперзирани серии на производи. Оваа состојба била двигател за здружување на компаниите од одредени сектори во организации, со цел да има координација меѓу нивните заеднички интереси и создавање на стандарди од техничка природа. Подоцна, овие организации беа основа за формирање на националните тела за стандардизација.

Стандардизацијата, особено воената стандардизација, е стара колку и самата цивилизација. Некои стандарди потекнуваат од желбата на човекот да ги усогласи своите активности со значајните промени на животната средина. Други, пак, биле создадени како одговор на потребите на сѐ покомплексното општество

Формирањето на меѓународните организации за стандардизација одело истовремено со формирањето на националните тела за стандардизација и тешко е да се воспостави временска граница меѓу нив.

## НАТО-стандардизациски активности

НАТО-стандардизациските активности отсекогаш биле директно поврзани со военото опкружување. Активностите на НАТО-стандардизацијата се развиени од следниве фактори: заканите, оперативните потреби, новите форми на конфликт, техничките иновации и трансформации, како и од негативна (или позитивна) еволуција на финансиските средства за одбранбената потреба или за посилна интеграција на цивилните компоненти во воените системи. Ова опкружување, заедно со процените за идни промени, е основата на активностите за НАТО-стандардизацијата.

Фундаменталните елементите на НАТО стандардизацијата се дефинирани како што следи:

– компатибилност – функционирање без заемно попречување;
– интероперабилност – поефикасно заедничко функционирање со размена на услуги;
– заменливост – постоење на еднакви перформанси, променливи со минорни приспособувања;
– заедништво – употреба на исти доктрини, процедури или опрема.

Во минатото овие четири елементи на стандардизацијата беа фокус на НАТО-политиката за развој, ратификација и имплементација на договорите за стандардизација, кои водат кон општа обврска за ефективно приклучување кон мултинационалните воени операции. Како и да е, во блиското минато, итнероперабилноста е издигната како есенцијален елемент за постигнување на оперативна ефикасност.

## НАТО-организацијата за стандардизација

Во рамки на воената структура, НАТО има воспоставено подредени тела кои функционираат како работни групи, составени од технички експерти, со цел да развиваат меѓународни договори за стандардизација (International standardization agreements-ISAs ), кои ги покриваат прашањата на интероперабилноста меѓу земјите-членки. НАТО користи вертикално поставени процеси за идентификација на недостатоците или за развој на

стандардизирани оперативни барања. Општо земено, вертикалниот пристап (од горе-надолу) се базира врз барањата на членките или на НАТО-командите да се трансформира потребата во договор за стандардизација, додека, пак, вертикалниот пристап (од долу-нагоре) е процес во кој техничките експерти во рамките на НАТО ја одредуваат потребата за договор за стандардизација. НАТО-организацијата за стандардизација (NATO Standardization Organization-NSO) е воспоставена, пред сé, со цел да ги иницира, хармонизира, координира и да ги поддржува сите стандардизациски активности во рамките на Алијансата. Нејзината улога е да ја зајакне интероперабилноста со цел да им помогне на сојузничките сили да се обучуваат, да вежбаат и ефективно заеднички да делуваат во извршувањето на нивните задачи, кога тоа е соодветно со силите на партнерските држави.

NSO е, исто така, одговорна за поддршка и координација на стандардизациските активности на врховните (високи) комитети, основани од Северноатлантскиот совет. Слика 1 ги илустрира структурите на NSO и различните активности за кои таа е одговорна за развојот на ISA.

NSO е составена од три основни елементи:

– НАТО Комитет за Стандардизација (NATO Committee for Standardization-NCS). NCS е тело на НАТО со високо овластување во рамки на севкупните прашања од областа на стандаризацијата, кое ги надгледува активностите и поднесува извештаи. Работата на NCS е поддржана и координирана од Претставниците на НАТО Комитетот за Стандардизација, кои, пак, се претставници на ниво на делегати од сите земји-членки.

– НАТО Агенција за Стандардизација (NATO Standardization Agency-NSA). NSA е најбитниот и перманетен елемент на NSO. Таа е независна НАТО агенција, воспоставена од страна на Северно-Атлантскиот Совет, со цел да функционира како координатор за сите стандардизациски заложби, со цел за подобрување на комбинираната оперативна ефективност на воените сили на Алијансата. Агенцијата е составена од цивилен и воен персонал и таа поднесува извештаи до NCS. Агенцијата NSA е функционално организирана во пет гранки (Политика и Координација, Заедничка служба, Воена, Поморска и Воздухопловна) и административен елемент за поддршка. Директорот на NSA е одговорен за активностите на овие гранки.

НАТО-стандардизацијата сè уште ја има истата цел – преку имплементација на договорите за стандардизиција, државите можат лесно да ги постигнат бараните нивоа на интероперабилност

– НАТО-групата за персонал е задолжена за стандардизација (NATO Standardization Staff Group-NSSG). NSSG е подредена на NCS. Ова тело е именувано да биде централен координативен механизам за стандардизација. Неговата основна задача е да ги хармонизира политиките за стандардизација и процедурите, како и да ги координира активностите за стандардизација. NSSG е одговорно за одржување врски со персоналот и за подготовка на релевантна документација за развој на барањата од областа на воената стандардизација од страна на стратешките команди и изготвување нацрт-стандардизациски цели на НАТО-програмата за стандардизација. Вклучува претставници од стратешките команди, претставници од персоналот, кој е дел од Меѓународниот воен персонал и Меѓународниот персонал за поддршка на управни тела за стандардизација (Standardization Tasking authorities TAs).

Секое од овие тела е одговорно за развој и поттикнување на процесите за стандардизација и олеснување на комуникацијата меѓу земјите-членки во рамките на Алијансата.




**Слика 1: НАТО организациска структура за стандардизација**

## Придобивките од стандардите

Повеќето луѓе би се согласиле дека стандардите се неопходни и во целина корисни. Тие го сочинуваат она што најчесто го нарекуваме „јавно добро“. Придобивки од стандардите и од целокупниот систем на стандардизацијата нема само индустријата-производителите кои главно учествуваат во нивното создавање, туку придобивките може да ги почувствува и секој од нас, без разлика дали е во улога на потрошувач, на работник, на војник, заштитник на животната средина и слично.

Целта на НАТО-стандардизацијата е да ја поттикне оперативната ефективност на Алијансата, постигнувајќи интероперабилност меѓу силите на Алијансата, како и меѓу НАТО-силите и партнерските сили и другите нации, а преку тоа подобрувајќи ја ефикасноста на употребата на расположивите ресурси. Во врска со националното учество, меѓународните договори за стандардизација и активности, се директен резултат на индивидуалните придонеси од земјите-членки на НАТО и тоа на доброволна основа. Заедничките напори на цивилниот и на воениот персонал од земјите-членки поддржуваат голем број иницијативи, кои ја промовираат стандардизацијата и интероперабилноста, која е најважна за успехот на коалициските операции.

Сите земји-членки на Алијансата се поканети да учествуваат во целокупниот процес на стандардизација, од развојот, ратификацијата и имплементацијата на договорите за стандардизација, за да стигнат до крајната цел на интероперабилноста.

д-р Соња Черепналковска



# Семинар посветен на унапредување на соработката во безбедносниот сектор

На 17 и 18 април во Домот на Армијата во Скопје се одржа семинар на тема „Управување и координација на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија“. Семинарот е резултат на меѓусебната соработка помеѓу Министерството за одбрана и Филозофскиот факултет од Скопје, во делот на организирање на заеднички активности и семинари поврзани со одбранбениот и безбедносниот сектор во нашата држава.

Целта на семинаротt „Управување и координација на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија“ беше учесниците да ги унапредат своите знаења и да разменат искуства поврзани со управувањето и координацијата на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија. Семинарот го организираше Министерството за одбрана, а се реализираше во соработка со Филозофскиот факултет – Скопје. На семинарот учествуваа претставници од Армијата, од министерствата за одбрана и за внатрешни работи и претставници на другите органи на државната управа поврзани со одбраната, безбедноста и кризниот менаџмент.

Семинарот го отвори државниот секретар во Министерството за одбрана, Драган Николиќ, кој пред учесниците истакна дека овој семинар ќе даде значаен придонес кон безбедноста и безбедносната наука, но и кон зајакнувањето на безбедносните процеси и согледувањето на потребите за подобрување на ефикасноста во утврдувањето и борбата со современите закани и ризици. „Управувањето и координацијата на безбедносниот сектор треба да создава позитивен безбедносен амбиент и да биде во чекор со безбедносната политика во однос на заштитата, одржувањето и унапредување на безбедноста на нашата држава и нејзините граѓани, со свои ресурси и преку активна соработка со меѓународните партнери“, рече државниот секретар.

Семинарот се одвиваше преку академски предавања од страна на експерти и професори од областа на одбраната и безбедноста, со цел зголемување на постоечките знаења на учесниците, но и поттикнување на заедничка дебата поврзана со управувањето и координацијата на безбедносниот сектор во Република Северна Македонија. Теми на семинарот беа: Одлучувачки и координирачки улоги како варијабли кои ги оцртуваат административните и безбедносните релации; Јавниот и приватниот безбедносен сектор – соработка и партнерство; Концепциски пристап во креирањето на безбедносни политики; Координација на безбедносно-разузнавачката заедница во процесот на вршење безбедносни проверки; Местото и улогата на безбедносно-контраразузнавачката заедница во безбедносниот систем на РСМ; Примена во современото разузнавање – модели, трендови и искуства; Управување и раководење со системот за одбрана; Цивилно-воена координација во хуманитарни активности; Ефикасноста на безбедносниот сектор во справување со асиметрични закани.



Кристина Илиевска

во Домот на Армијата во Скопје се реализираше семинар за цивилно-воена соработка на кој учествуваа 20 претставници од Армијата и Министерството за одбрана. Истиот беше организиран од страна на Канцеларијата за соработка во одбраната на САД во Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата



# Едукација и тренинг за цивилно-воена соработка

Цивилно-воената соработка е важен сегмент кој во многу допринесува и помага за успешно донесување на одлуките од страна на авторитетите, а со тоа и успешно извршување на мисијата на Армијата.
Припадниците на Армијата се должни да бидат внимателни во комуникацијата со цивилните структури и да работат во согласност со нивната законска обврска.
Учеството на армиските единици во мисии надвор од земјата, исто така наметнува потреба од што поскоро прифаќање и имплементирање на постоечките НАТО документи, а меѓу другото и организирано и континуирано спроведување на едукации и тренинзи од областа на цивилно-воената соработка, пред, за време и после изведување на заеднички НАТО мисии.
Со цел добивање на важни знаења и искуства од оваа област, а во рамките на подготовките за претстојната вежба „Одлучен удар“, во Домот на Армијата во Скопје, се реализираше семинар за цивилно-воена соработка на кој учествуваа 20 претставници од Армијата и Министерството за одбрана. Истиот беше организиран од страна на Канцеларијата за соработка во одбраната на САД во Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата. Предавачите од Европската команда на воените сили на Соединетите Американски Држави, стационирана во Кајзерслаутерн, Сојузна Република Германија, на учесниците им ги пренесоа своите лични искуства, но и целата структура за тоа како функционира и на кој начин е поставена НАТО доктрината за цивилно-воена соработка.
За време на активноста беа презентирани 12 презентации од интерес за учесниците, а дел од работата беше запознавање со плановите и улогата на персоналот за цивилно-воена соработка, во рамките на планираната вежба „Одлучен удар“ која ќе се реализира на армискиот полигон „Криволак“. Се реализираше и практична обука, така што предавачите и учесниците остварија средби со градоначалниците на Општина Кавадарци и на Општина Неготино, и со командантот на армискиот полигон „Криволак“, на која присуствуваше и претставник од месната заедница Криволак. На средбите се преговараше за плановите, потребите, проблемите и идните активности кои се потребни за што поуспешна реализација на вежбата во делот на цивилно-воената соработка.
На крајот на семинарот учесниците добија сертификати за завршена обука од доменот на цивилно-воената соработка во рамките на НАТО, а како резултат на споделените искуства, гледишта и мислења, несомнено учесниците излегоа со нови видици и унапредени знаења со мотив истите да ги имплементираат за време на извршување на своите функционални задачи и обврски.

м-р Елизабета Ташковска



Втори април е одреден за Ден на 1.мпбр, како датум на кој оваа единица е трансформирана во согласност со последната организациско-формациска армиска структура и преземање на задачите и одговорностите на двете поранешни бригади, со што стана најголемата борбена единица со застапеност од повеќе армиски родови





# Одбележување на Денот на 1. механизирана пешадиска бригада

На 2 Април, Првата механизирана пешадиска бригада, која е најголемата борбена единица во армијата, во чии редови се наоѓаат припадници од повеќе родови, со воена свеченост во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец го одбележа Денот на единицата. Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, обраќајќи се пред стројот на припадниците од Бригадата и честитајќи им го празникот, истакна дека Генералштабот на Армијата целосно е во функција на потребите на Бригадата и на сите потчинети команди и единици со цел исполнување на највисоките стандарди на НАТО, каде што веќе „де факто“ сме членка. Командантот на Бригадата, полковник Драган Ковачки, во својот говор истакна дека ова е ден кога треба да се потсетиме на жртвувањата на претходниците на оваа бригада кои придонесоа за постигнатото и чиј носител на традициите е бригадата. „Ние, припадниците на 1. мпбр, својата иднина мора да ја градиме цврсто убедени дека аманетите на нашите претходници и лекциите од минатото мора соодветно да ги вреднуваме, бранејќи ја татковината и почитувајќи ги различностите, затоа што нема почесен позив од војничкиот ниту, пак, посвета должност од одбраната на сопствениот народ и татковина“, истакна полковникот Ковачки.



На свеченоста по повод Денот на единицата беа доделени повеќе стимулативни мерки за припадниците на Бригадата, како и за поранешните команданти на Бригадата на кои од страна на началникот на Генералштабот им беа доделени „Златни значки на Армијата за партнерство, координација и соработка“, а беше прогласена и најдобра единица во Бригадата.

На свеченоста, покрај началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, присуствуваа и директорот на Генералштабот, генерал-мајор Зоран Милески, командантот на Здружената оперативна команда, генерал-мајор Павле Арсоски, бригадните генерали Мирче Ѓоргоски и Орце Јордев, воени раководители од Министерството за одбрана и Генералштабот, поранешни команданти на оваа бригада, претставници на локалната самоуправа и организациите со кои соработува единицата.

Денот на единицата се одбележи и со свечено дефиле на единиците, културно-забавна точка од ученици во центарот за изучување на македонскиот фолклор „Митеви“ од Скопје, како и со тактичко-технички збор на кој посетителите имаа можност да видат дел од орудијата, оружјето и опремата со кои располага Бригадата.

Со свеченост во касарната во Велес, Командата за обука и доктрини – КОД, го одбележа Денот на единицата, 15 Април, денот кога пред 27 години во касарните во земјава пристигнаа првите регрути





# Свечено одбележан Денот на Командата за обуки и доктрини

Во КОД, покрај војници-регрути, од 2006 до денеска поминаа и 37 генерации војници на доброволно служење во Армијата. Само во изминатата година, 375 војници успешно го завршија Курсот за професионални војници и веќе се наоѓаат во активниот состав на Армијата. На свеченоста во Војничкиот клуб во Велес присуствуваше и началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, генерали, војници, старешини и цивилни лица на служба во Армијата и други гости. Присутните гости ги поздрави и им го честита празникот, командантот на КОД, полковник Љубенчо Петровски. Тој потсети дека во рамките на КОД, освен ЦИО – Центарот за индивидуална обука, во нивниот состав успешно функционираат и Центарот за обука на питомци, Центарот за странски јазици, Центарот за обука и дресура на службени кучиња. За одбележување е што во Центарот за обука на питомци, каде се врши основната обука на питомците и кандидатите за офицери за служба во Армијата, освен од нашата земја се едуцираат и потомци од Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора. Центарот за странски јазици врши тестирање во познавањето на воената терминологија на англиски јазик. Центарот за дресура и одгледување кучиња прерасна во современ центар, кој освен за потребите на Армијата стои на располагање и на останатите безбедносни структури и други државни институции.

Полковникот Петровски како идни активности најави дека во завршна фаза се подготовките за реализација на мултинационалната вежба „Одлучен удар", која од 5 јуни до 10 јули оваа година ќе се реализира на армискиот полигон „Криволак" со учество на околу 2500 припадници на шест земји-членки на НАТО, вклучувајќи ја и нашата земја. Воедно, тие во октомври во нивниот Центар за симулации во касарната во Велес ќе бидат домаќини на регионалната симулациска вежба „REGIX 19", со учество на припадници на 21 Армијата, како и три земји-членки на НАТО. По повод Денот на единицата, на најдобрите старешини им беа доделени награди, а на некои институции за добрата соработка со КОД им беа врачени благодарници. Воедно, во рамките на програмата за одбележување на Денот на единицата беше одржана успешна акција за доброволно давање крв во која беа собрани рекордни 75 крвни единици, а меѓу нив 15 припадници на Армијата за прв пат доброволно даруваа крв. По 14. пат се одржаа и веќе традиционалните спортски натпревари во пинг-понг, стрелаштво, фудбал и шах. Свеченоста на единицата во касарната во Велес беше збогатена со културно-уметничка програма на која настапија ученици од ООУ „Васил Главинов", ООУ „Блаже Конески" и ОМУ „Стефан Гајдов" од Велес.

Во стрелаштво кај мажите првото место го освои екипата на Винарија „Стоби", кај жените прва беше екипата на СК „Велес јуниори". Во фудбал прва беше екипата на СВР Велес. Во пинг-понг прва се пласираше екипата на Логистичката чета во велешката касарна.Во натпреварите во шах први беа пензионерите од Сојузот на борци од Велес.Најдобрите во сите дисциплини добија признанија и награди кои им ги врачи командантот на КОД, полковникот Љубенчо Петровски.

Антоанела Димитриевска



# Родовата перспектива во мировните мисии и операции

Претставнички од Армијата и од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија учествуваа на регионална работилница „Сеопфатен пристап за родот во воените операции“ (A comprehensive approach on gender in military operations), која се одржа во Амбасадата на Кралството Холандија во Тирана

Работилницата „Сеопфатен пристап за родот во воените операции“ (A comprehensive approach on gender in military operations) беше одржана во рамките на Договорот за билатерална одбранбена соработка помеѓу Кралството Холандија и Албанија, Северна Македонија и Косово.
Амбасадорката на Кралството Холандија во Албанија, госпоѓата Алтес, ја отвори работилницата, посакувајќи им успешна работа на учесниците. Таа нагласи дека безбедноста е заедничка одговорност на сите земји од регионот и во рамките на заедничката безбедност неопходно е да се обрне соодветно внимание на имплементацијата на родово одговорни политики и механизми во безбедносните системи на национално ниво, но исто така мошне е значајно да се разменуваат искуства и да се надградуваат стекнатите знаења.
Во своето обраќање до учесниците на работилницата таа потсети дека Кралството Холандија во својата национална и надворешна политика обрнува особено внимание на родовиот концепт и воедно се залага и им помага и на други пријателски земји да се развиваат во таа насока.
Амбасадорката се осврна и кон Националниот акциски план за имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста на Република Албанија, кој пред извесно време беше усвоен од страна на Парламентот на Албанија.
Конкретна цел на работилницата „Сеопфатен пристап за родот во воените операции“ беше да се подобри оперативната ефективност и да се имплементира родовата перспектива на сите нивоа на оперативно планирање и учество во меѓународните мисии и операции. Содржините беа споделени преку предавања и интерактивни вежби со сертифицирани инструкторки од Вооружените сили на Холандија.
Во текот на работилницата учесниците имаа средба со госпоѓата Манушаќе Шеху, првата жена-генерал во Вооружените сили на Албанија, која заради обврските не остана за сето време на работилницата, но нејзината помошничка, потполковник Алда Сула, ја презентираше состојбата со родовата рамноправност во Вооружените сили на Албанија, потенцирајќи дека во секоја гранка на ВС е пропорционална застапеноста на жените, но исто така се зголемува бројот на жените-учесички во мисиите и операциите во странство, како и жени-претставнички во НАТО и во дипломатските мисии

како одбранбени аташеи. Проекцијата на Албанија е застапеноста на жени во армијата да биде 15%. Родовиот концепт задолжително се изучува на Воената академија.
Првиот работен ден од работилницата, во претпладневната сесија, секој учесник имаше можност одделно да се претстави и да поразговара за состојбите во рамките на институцијата и секторот или единицата од која доаѓа. Останатите денови, во однос на темата на работилницата, содржините беа обработувани од страна на потполковничките Ивона Шредер и Клаудија Редот од армијата на Кралството Холандија, и тоа и класично по пат на усно предавање и преку презентација на видеоматеријали и интерактивно, по пат на вежби, дискусија и презентација од страна на учесниците.
Воведниот дел од излагањето на инструкторките беше интерактивно повторување и допрецизирање на сите родови термини со акцент на дефинирање и објаснување на родовата перспектива во операциите на сите нивоа.
Во текот на работилницата беа опфатени повеќе аспекти на потребата од имплементирањето на родовата перспектива во операциите. Се разгледаа и дискутираа неколку резолуции на СБ на ООН, почнувајќи од Резолуцијата 1325, па 1820,1889, сѐ до поновите 2242 од 2015 година и 2331 од 2016 година. Се дискутираше сексуалното насилство во вооружените конфликти и можностите за негово санкционирање. Се анализираше и НАТО-директивата „Bi-Strategic Command Directive-001“, во делот како да се имплементираат одредбите од Резолуцијата 1325, односно како конкретно да се имплементира родовата перспектива во планирањето на операциите, како да се постигнат стандардите на однесување, едукацијата и тренингот. Посебно беа дискутирани родовите советници (gender advisors), нивното поставување, нивните задачи и улоги , како и задачите на родовите посредници (gender focal points). Учесниците добиваа конкретни задачи и секој тим требаше да презентира изработен проект во кој ќе бидат застапени сите потребни елементи на правилно испланирана мисија.
Работната агенда беше набиена, но дружењето и дискусиите не завршуваа со крајот на работниот дел. И во вечерните часови и на паузите продолжуваа разговорите и размислувањата во однос на темата. Секоја размена на искуство е продуктивен процес. Нашиот регион споделува заеднички безбедносни предизвици за кои е потребна добра соработка и проактивност, а имплементирањето на родовиот концепт во секој сегмент на општеството е демократска вредност кон која сите заеднички се стремиме.
Оваа работилница беше одлична можност да се разменат искуства помеѓу учесниците и да се воспостави мрежа на соработка и синергија помеѓу трите земји: Република Северна Македонија, Република Албанија и Косово на полето на имплементацијата на одредбите од Резолуцијата 1325 на СБ на ООН и последователните резолуции поврзани со жените, мирот и безбедноста, како и нивното учество во мисиите надвор од државата во заеднички операции и мисии.

д-р Жанет Ристоска







# Демократски процеси со реформски зафати

На 15 март се одржа отчетна седница на Собранието на ОРОРМ со која раководеше делегатот од ООЕ Берово, резервниот капетан, Љупчо Вуксанов. Во фокусот на вниманието беа повеќе актуелни прашања кои се однесуваат на едногодишното работење во 2018 година.
Во контекст на ова, и во критички интонираната повеќечасовна дискусија, беа потенцирани голем број слабости и неправилности во менаџирањето со ОРОРМ, во врска со што беше оценето дека во вакваа состојба, на претседателот и на Извршниот одбор, не може да им се даде доверба и натаму да ја водат Организацијата.
На седницата беа прифатени оставките на Извршниот одбор и на претседателот на ОРОРМ, проф. д-р Ѓорѓи Малковски, а на предлог на делегатите, за натамошното раководење со Организацијата беше формирано работно тело од пет члена во кое ќе има и претставник на МО. Со ова работно тело ќе раководи претседавачот на седницата на Собранието од Берово, Љупчо Вуксанов, сè до изборот на нов



извршен одбор. Претседавачот Вуксанов ќе ги извршува сите надлежности и задачи на претседателот на ОРОРМ, во согласност со Статутот.
Според усвоената одлука на седницата, работното тело е овластено да подготви насоки за натамошните активности на ОРОРМ, со цел нејзино успешно работење како значаен субјект на одбранбениот систем.
Во текот на изминатиот период работното тело во кое учествува и претставникот на МО, д-р Тони Петрески, одржа три работни договори на кои беа разгледувани повеќе актуелни прашања од областа на: менаџирњето, организациската проблематика, едукацијата, обуката и меѓународните активности во рамките на CIOR.

# Одбележан Денот на ООЕ на ОРОРМ Пробиштип

Под покровителство на градоначалникот на Општина Пробиштип, Драган Анастасов, на 3 април беше одбележан Денот на резервните офицери на Пробиштип, што се совпаѓа со 3 април 1944 година, кога пред 75 години е извршен напад за ослободување на рудиниците за олово и цинк „Злетово“ од страна на 3. македонска народноослободителна бригада.
Во активностите што ги организира Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРМ Пробиштип, со кое раководи Злате Анчов, беа вклучени 47 резервни офицери и подофицери од Пробиштип и од Злетово, кои успешно го изведоа традиционалниот кондиционо-едукативен марш на релацијата градски плоштад – Солиште во должина од 15 км. На одбележувањето на овој историски настан присуствуваа: претседавачот на Собранието на ОРОРМ, Љупчо Вуксанов, претставници на Општинскиот одбор на СЗБ од НОАВМ, градоначалникот на Општина Пробиштип, членови на Советот на Општината, претставници на политички партии, како и претставници на ООЕ на ОРОРМ од Скопје и од Штип.
Централното одбележување се одржа во Спомен-паркот „Братство и единство“, каде што беше положено свежо цвеќе, а на присутните им се обратија: градоначалникот Драган Анастасов, претседавачот на Собранието на ОРОРМ Љупчо Вуксанов и претседателот на Боречката организација, Драган Миланов. Во своето поздравно обраќање, Љупчо Вуксанов, го нагласи значењето на реформските активности во ОРОРМ.
Во вториот дел од програмата, присутните ги проследија содржините што им ги приредија членовите на балетското студио „Магија“ и најмладите членови на фолклорната секција на КУД „Злетовски рудар“ од Пробиштип.



# Кондиционен марш

Во функција на проверка на психофизичката способност на резервните офицери и подофицери, неодамна Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРМ Тетово, со кое раководи резервниот капетан Зоран Кировски, организираше кондиционо-едукативен марш.



Оваа практична содржина во која учествуваа 20-тина членови на ОРОРМ од Тетово, Брвеница и од Теарце, се изведе на релацијата: с.Сиричино – „Дупнат Камен“, во должина од 15 км.
По завршувањето на маршот и кратката анализа, на предлог на Извршниот одбор на ООЕ, договорено е кон крајот на април или на почетокот на мај да се реализира и една активност од доменот на еколошката проблематика. Дваесетина активисти на ООЕ на ОРОРМ Тетово од сите општини во Тетовскиот регион, на планинскиот масив Жеден ќе засадат млади борови садници.

Живко Трајановски



# Горди сме на Армијата



Звуците на Воениот оркестар ги воодушевија кумановци, кои и покрај дождливиот ден ги проследија музичките нумери кои беа дел од настанот организиран од Министерството за одбрана, Армијата и локалната самоуправа во рамки на „Неделата на НАТО“, 70-годишнината од основањето на Алијансата



Со разнобојни чадори, граѓаните на Куманово уживаа во изведбата на Воениот оркестар пред платото на комплексот „Базени“. И оние љубопитните ѕиркаа од прозорците на становите на зградите кои се наоѓаат пред овој комлекс на Отворениот ден на Армијата со граѓаните. Сепак, најинтересно за помладите, а и генерално за кумановци, беше изведбата на точката на Баталјонот за почести, „Егзирцир“. Наизменичното додавање на оружјето и прекрасната униформа не ги остави рамнодушни граѓаните. „Ретка можност е да се види ова во живо, горди сме на Армијата“, коментираа кумановци. И токму ваквите отворени денови придонесуваат да се зацврсти довербата на граѓаните во Армијата. Младите, пак, најголемо внимание посветија на разгледување на дел од опремата и вооружувањето.
На Отворениот ден присуствуваа високи гости, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин и командантот на Здружената оперативна команда, генерал-мајор Павле Арсоски и градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски.
Министерката во изјавата за медиумите ја посочи важноста од членството во НАТО, кое е особено значајно и за безбедноста, но и за економијата, што резултира со зголемени странски инвестиции, намалување на невработеноста, раст на БДП. „Токму во ’Неделата на НАТО’ ни дојдоа и политичките и економските потврди колку членството во НАТО е важно за нашата држава, не само на безбедносен план, туку и на економски план. Неодамна беше потврдено дека после долги години понизок кредитен рејтинг, успеавме како држава да го подобриме, што значи дека и државата и фирмите и граѓаните ќе можат да добваат средства под поволни услови“ – рече министерката. Таа нагласи дека во иднина е потребно да се заокружи процесот на ратификација на членството, што ќе се случи оваа година и да се почнат преговорите со ЕУ.
Командантот на ЗОК генералот Павле Арсоски ги поздрави граѓаните, укажувајќи дека за него и за старешните, задоволство е да се биде во Куманово, град -борец и востаник, град на слободољубиви граѓани кои секогаш искажуваат почит за својата армија. Навраќајќи се на историјата на формирањето на НАТО, укажувајќи на стремежот на државата од почетокот на нејзиното осамостојување, па сè до денес, до членството во најмоќниот воено-политички сојуз, Арсоски истакна дека очекува во иднина Армијата да добие помодерна опрема и вооружување „Треба да се има предвид дека во годините кои се пред нас, според планираното зголемување на буџетот на одбраната и плановите за опремување и модернизација, ќе имате прилика да ја гледате нашата армија со сè помодерна борбена техника и поголема борбена моќ и способност за остварување за нејзината мисија, за одбрана на суверенитетот на татковината и способна за исполнување на нејзината улога како членка на НАТО, армија во која служат жени и мажи, граѓани на нашата држава со добар стандард и достоинствени услови за живот и работа“, рече Арсоски.

Александра Максимовска





# „НЕДЕЛА НА НАТО“

## Отворен ден на Армијата

На 7 април во Градскиот парк во Скопје, армиските гардисти, припадниците на специјалните единици, Воениот оркестар, но и припадниците на Единицата за специјални задачи на МВР и Воздухопловната бригада, ги покажаа своите вештини пред граѓаните на нашата земја.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, рече дека со денешната активност, но и со другите настани во рамки на одбележувањето на „Неделата на НАТО“, Министерството и Армијата испратија порака дека нашата земја е подготвена да биде 30. членка на Алијансата.

„Зад нас беше тежок процес, беше потребно многу трпение, многу енергија, меѓутоа денеска можеме да кажеме дека како држава успеавме. Со ваквите настани, со контакти со граѓаните, покажуваме дека сето ова што сме го правеле, сме го правеле за граѓаните да бидат побезбедни и за да има повеќе шанси и за нив и за нашата земја“, истакна министерката. Шекеринска се заблагодари за големиот граѓански интерес за овие настани.

На Отворениот ден настапија и децата од здружението „Трисомија 21“.

Беа прогласени и трите најдобри есеи на тема „НАТО и ти“ – средношколките Валона Абдулаху, Петрина Станковска и Мима Војновска се наградени со студиско патување во седиштето на Алијансата во Брисел. Прогласени беа и тројцата прворангирани од трките на 5 и на 3 километри, како дел од НАТО- атлетската трка. Шестемина најдобри беа наградени со учество на меѓународниот маратон во Будимпешта.









# Автоматска пушка „Galil“

Автоматската пушка „Galil“ е развиена од Yisrael Galil, а ја произведувал „Israel Military Industries“. Како основа за развојот е земена финската пушка „Valmet Rk.62“, која го користи принципот на функционирање од „АК-47 Калашников“, односно пушката „Galil“ работи на принципот на позајмување на барутните гасови и ротација на затворачот, а дејствува од забравен затворач (затворачот забравува со помош на 2 брадавици). Цевката со калибар од 5,56 mm, која внатрешно поседува 6 жлебови и десен чекор на ротација од 305 mm, е наменета за куршумот M193, додека за куршумот SS109 се изработува цевка со 6 жлебови со десен чекор на ротација од 178 mm. На врвот од цевката е поставен сокривач на пламенот/ држач на тромблонска мина, кој поседува мала пружина која оневозможува тромблонската мина да падне. Истиот држач се користи и за поставување на бајонет. Инаку, од пушката може да се дејствува со противоклопни, противпешадиски, осветлувачки и сигнални тромблонски мини, кои се активираат со посебен тромблонски куршум. Гасната комора е споена со цевката преку отвор со дијаметар од 1,8 mm, поставен под агол од 30º. На горниот дел од гасната комора е поставен предниот механички нишан. Сандакот на пушката е изработен од челик со помош на прецизно глодање и кај него стандардно од десната страна (како кај АК-47) е поставен лостот на селекторот за стрелба со 3 позиции, а за полесно ракување од левата страна (над задниот ракофат), е поставен уште еден лост на селекторот за стрелба, исто така со 3 позиции, и тоа по следниот редослед S, A и R. Позицијата S (Safety/ безбедно) е наменета за заклучување на механизмот, позицијата A (Automatic/ автоматска) е наменета за рафална стрелба и позицијата R (Repetition/ повторување) е наменета за полуавтоматска стрелба. Рачката за репетирање, која е поставена од десната страна на носачот на затворачот, е исправена вертикално нагоре, над поклопецот на сандакот, со цел да се овозможи репетирање и со левата рака, без притоа десната рака да се одвои од задниот ракофат и чкрапалото. Инаку помеѓу чкрапалото и устието на сандакот за вметнување на рамката за муниција, е поставен штитник на уврдувачот/ ослободувач на рамката за муниција, чија намена е да се спречи несакано притискање и ослободување на рамката за муниција. На задниот дел од поклопецот на сандакот е поставен задниот механички диоптерски нишан со две L-позиции, и тоа првата за прецизно дејство до 300 m, а втората до 500 m. Пред механичкиот нишан е поставен ноќниот механички нишан на склопување, каде што се ставени 2 трициумски капсули, а наменет е за прецизно дејство до 100 m. Инаку, предниот механички нишан е сместен во заштитно цилиндрично куќиште, а зад него е поставен ноќен нишан на склопување со централно поставена трициумска капсула. Предниот нишан е бочно приспособен и по елевација, додека задниот нишан само по елевација. На одредени верзии на пушката, од левата страна на сандакот е поставен адаптер за поставување на различни оптички и ноќни нишани. Предниот и задниот ракофат се изработени од пластика која е многу издржлива на удари, но на одредени верзии предниот ракофат е изработен од дрво. Карактеристично за предниот ракофат е тоа што горниот дел му е отворен, а долниот дел (на верзијата ARM) е приспособен за прифаќање на ногарките кога се склопени и на крајот поседува отворач за шишиња. Карактеристично за ногарките е напред вградениот сечач на жица. Кундакот е скелетоиден, изработен од алуминиумски цевки и се склопува од десната страна на сандакот. За пушката се изработуваат 3 типови на рамки за муниција, и тоа со капацитет од 35 куршуми, од 50 куршуми и рамка за муниција со капацитет од 12 куршуми наменета за тромблонски куршуми. За отпорност од корозија одредени делови се заштитени со фосфатизација и потоа покриени со црн емајл. Од пушката се развиени две основни верзии, едната со калибар за користење на муницијата 5,56x45 mm, а втората за користење на муницијата 7,62x51 mm. Од пушката со калибар 5,56 mm се развени верзиите ARM (со рачка за носење, ногарки и дрвен преден ракофат), AR (без рачка за носење и пластичен преден ракофат), SAR карабинска верзија со пократка цевка) и MAR (скратена верзија на SAR со изменет селектор на стрелба со додаден рафал од 3 куршуми). Од пушката со калибар 7,62 mm се развени верзиите ARM, AR, SAR и Galil Sniper (развиена врз основите на ARM, но со потешка цевка, со можност за поставување на придушувач на истрел). Инаку најновата верзија е Galil ICE, која поседува повеќе подобрувања, а по желба на корисникот може да се произведува во различни калибри за користење на следните типови муниција: 5,56x45 mm, 7,62x51 mm и 7.62x 39 mm. Различни верзии од пушката се користат во над 40 држави во воените или во полициските единици.

Ивица Дамески






**Пресек на автоматската пушка „Galil“**

1. Сокривач на пламен (со 6 отвори) и држач на тромблонска мина
2. Цевка со калибар 5,56 mm
3. Гасна комора
4. Преден механички нишан
5. Ноќен преден механички нишан
6. Гасен клип
7. Гасен цилиндер
8. Рачка за носење
9. Рачка за репетирање
10. Носач на затворачот и затворач
11. Водиште со повратна пружина
12. Поклопец на сандакот








**13.** Ноќен заден механички нишан
**14.** Заден механички нишан
**15.** Сандак
**16.** Механизам за утврдување на кундакот
**17.** Кундак на склопување
**18.** Селектор за стрелба
**19.** Заден ракофат
**20.** Чкрапало
**21.** Механизам на чкрапалото
**22.** Утврдувач/ ослободувач на рамката за муниција
**23.** Рамка за муниција
**24.** Преден ракофат
**25.** Ногарки
**26.** Позиција на сечачот на жица кај ногарките

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПУШКАТА „GALIL“ СО КАЛИБАР 5,56X45 mm | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРЗИИ | ARM | AR | SAR | MAR |
| ДОЛЖИНА | 979 mm | 979 mm | 840 mm | 706 mm |
| ДОЛЖИНА СО СКЛОПЕН КУНДАК | 742 mm | 742 mm | 614 mm | 465 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКА СО СОКРИВАЧ НА ПЛАМЕН | 487 mm | 487 mm | 359 mm | 210 mm |
| ДОЛЖИНА НА НИШАНСКА ЛИНИЈА | 475 mm | 475 mm | 445 mm | / |
| ТЕЖИНА НА ПУШКАТА | 4.35 kg | 3.95 kg | 3.75 kg | 2.98 kg |
| ТЕОРЕТСКА БРЗИНА НА СТРЕЛБА | 650 курш./мин. | 650 курш./мин. | 650 курш./мин. | макс.750 курш./мин. |
| ПРАКТИЧНА БОРБЕНА БРЗИНА НА СТРЕЛБА | 40/120 | 40/120 | 40/120 | 40/120 |
| БРЗИНА НА ПРОЕКТИЛ НА ИЗЛЕЗ ОД ЦЕВКА | 950 m/s | 950 m/s | 900 m/s | 710 m/s |
| ЕФЕКТИВЕН ДОСТРЕЛ | 500 m | 500 m | 400 m | 300 m |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКИТЕ ЗА МУНИЦИЈА | 35 и 50 | 35 и 50 | 35 и 50 | 35 |




# „ASLAV“

## Австралиско лесно оклопно возило на тркала 8х8

„ASLAV“ - (The Australian light armoured vehicle) е австралиско лесно оклопно возило на тркала, произведено од страна на „General Dynamics Land Systems Australia“ за Кралската австралиска армија. Изведено е врз основа на лесното оклопно возило „LAV-25“

„ASLAV“ е амфибиско оклопно возило на тркала (8х8) дизајнирано, пред сè, за извидувачки и надзорни мисии. Австралија ги има распоредено овие возила низ Источен Тимор, Ирак и Авганистан. Лесните оклопни возила на тркала 8х8 „ASLAV“ се набавени според програмата „LAND 112“. Возилата се дизајнирани да вршат извидување и надгледување на големи растојанија со минимална логистичка поддршка. Проектот напредуваше низ четири фази. Во 1990 година 15 лесни оклопни возила беа набавени од „US Marine Corps“ за евалуација во австралиски услови. Во 1992 година во оквирот на фазата 2 набавени се 111 оклопни возила. Вториот „Cavalry Regiment“ целосно беше опремен со лесните оклопни возила „ASLAV“ до 1997 година. Набавката на дополнителни подобрени 144 возила беше одобрена во фаза 3. Армадата возила од фаза 2 беше надоградена до повеќе еволуираната фаза „3 стандард“. Надградено возило е опремено со модерни електрични куполи, напредни термички нишани, интегриран ласерски далечинометар, погон од втората генерација и нови делови за системот за суспензија. Новите далечинско



контролирани вооружени станици биле инкорпорирани за да се постигне оклопна способност на командирската вооружена станица. Возилата се составени од страна на „General Motors Defence Australia“. Во јуни 2010 година австралиската Влада обезбеди второ одобрение за надградба на „ASLAV“ во рамките на проектот „LAND 112“ фаза 4.
Базирани врз основа на платформата на лесните оклопни возила „LAV-25“ изградени од страна на Канада, добро докажани и во Канадските вооружени сили, но и во Маринскиот корпус на САД, возилата „ASLAV“ се со конфигурација со 8 тркала, опремени со погон на четири или на сите 8 тркала. Разновидноста се зголемува со додавање на непостојани инсталациски комплети за мисии (MRIKs - mission role installation kits). Оваа уникатна австралиска алтернација ќе генерира неколку варијанти од еден дизајн на трупот од овој вид на возило. Возилата „ASLAV“ се опремени со клима уред за заштита на екипажот од внатрешни температури до 55°C во северниот дел на Австралискиот регион.
Лесните оклопни возила „ASLAV“ се испорачани во повеќе варијанти, и тоа: извидувачки, возила за транспорт на персонал, командни, амбулантни, возила за надзор, монтери и возила за извлекување.
ASLAV-25 reconnaissance vehicle - извидувачки возила. ASLAV-PC armored personnel carrier - оклопни транспортери. ASLAV-C command vehicle – командни возила. ASLAV-S surveillance vehicle. Во служба во австралиската армија од 2014 година. ASLAV-A armored ambulance - оклопни амбулантни возила. ASLAV-F maintenance support vehicle – возила за одржување. ASLAV-R recovery vehicle - возила за извлекување.
Mortar carrier, носачи на минофрлачи опремени со МФ 120 mm (prototype).
ATGW carrier со TOW-купола (prototype).
„ASLAV-25“ е извидувачко возило со три лица, вооружено со топ „M242 dual-feed 25mm Bushmaster“ и два митралеза 7.62mm MAG58. „ASLAV-PC“ е оклопен транспортер вооружен со митралез со калибар .50 и способност за транспорт на 7 војници. „ASLAV-C“ е командно возило опремено со современа комуникациска опрема, радиојарболи, картографски и складишни прегради. „ASLAV-S“ е возило за надгледување, опремено со термовизиска камера, ласерски далечинометар и дневна ТВ-камера. „ASLAV-A“ носи медицинска опрема, санитетски лежалки и носила за повредени. Може да се сместат три лежечки пациенти или шест во седечка состојба.
Во декември 1992 година Владата на Комонвелтот го потпиша договорот за „ASLAV“ фаза 2 „GDLS Canada“ за 113 оклопни борбени возила на тркала „ASLAV“. После успехот на фаза 2 во септември 2001 година е потпишан договорот за фаза 3 за уште 144 возила „ASLAV“. Добиени се вкупно 257 возила во седум варијанти.
Примарното вооружување на „ASLAV“ возилата е топ „M242 25mm“ со нишан со термичка слика. Еден митралез од типот „M240 7.62mm“ е монтиран коаксијално со главниот топ кој служи како секундарно вооружување. Исто така, на возилото е монтиран митралез „MAG58 7.62mm“. Помошното вооружување вклучува два 76mm лансери на димни гранати (секој по 4 димни гранати).
Целосно заварените челични плочи на трупот на возилото го штитат екипажот од лесно пешадиско вооружување до калибар 7,62 мм и шрапнели од артилериски гранати. Со додавањето на дополнителен оклоп возилото овозможува целосна заштита од оган од оружје со калибар од 14,5 mm. Додатокот на оклопот на предниот лак го штити возилото од 30 мм проектили.
Возилото „ASLAV“ е напојувано од 275 hp „Detroit Diesel 6V53T Silver diesel“ мотор во комбинација со „Allison MT653“ трансмисија (пет брзини за напред и 1 за назад).
„ASLAV“ е потполно амфибиско возило способно да се движи со брзина од 100 км на час и максимална брзина на пловење од 10km/h. Тоа има максимална автономија на опсег од 660 км. Возилото е опремено со два пропелери и четири кормила за водни операции. Комбинираната солидно јака секундарна пневматика „run flat“ поставена на сите тркала ја подобрува мобилноста на возилото на боиштето. Ова ќе му овозможи движење на возилото, дури и сите гуми да бидат распрснати. Конфигурацијата 8x8 овозможува возилото да остане мобилно, дури и ако изгуби едно од тркалата.Возилото може да се транспортира со воздухоплови „C-130“, „C-141“, „C-5A“ и „CH-53“.
Борбениот комплет на возилото: подготвени 250 куршуми за топ 25 мм, 400 куршуми 7,62 мм и 8 чадни гранати 76 мм, додека внатре може да се сместат дополнително уште 510 куршуми за топ 25 мм, 800 куршуми 7,62 мм и 8 чадни гранати 76 мм. Теренските перформанси вклучуваат совладување на наклон од 60%, страничен наклон 30% и ров со широчина од околу 2 m.
Останатите спецификации на лесното оклопно возило „ASLAV 25“ се: должина: 6,57 метри;широчина: 2,77 метри;висина: 2,43 метри; борбена тежина 13,450 тони;мотор: Detroit Diesel 6V53T 275hp; посада: 3+6 (возач, нишанџија, командир и трупа); вооружување: 25 mm M242 Bushmaster Chain Gun, 2 x 7.62 mm MAG58 Machine Gun; автономија на опсег: 660 km; максимална брзина на пат: 100 km/h;



брзина на пловење: 10km/h; трансмисија: Allison MT653.
„ASLAV“ возилата од самиот почеток се предадени на тренинг-единиците и на „2nd Cavalry Regiment“. Од надградената верзија на возила „ASLAV“ од фаза 2 подоцна ќе биде формирана „2nd/14th Light Horse Regiment“, исто така наречена „Queensland Mounted Infantry“, стационирана во Бризбејн. Денес овие возила ги формираат двете оклопно-извидувачки единици на служба во австралиската армија. За време на нивниот активен живот, возилата „ASLAV“ беа распоредени во Источен Тимор, Ирак и Авганистан. До почетокот на 2015 година, вкупно 253 возила „ASLAV“ беа регистрирани во употреба, додека Министерството за одбрана во февруари за прв пат го отвори тендерот за замена на проектот „ LAND 400“ во вредност од 8 милијарди US$. Од сите апликанти се бараше да бидат во можност да произведат 225 оклопни возила со капацитет на носивост од 35 тони, подобрена заштита од експлозија, планирани за служба во армијата во 2021 година.

Идриз Идризоски



## Руска јуришна модуларна пушка

# „ОЦ-14 ГРОЗА“

Во текот на втората половина на 1960-тите, искуствата од локалните конфликти во Југоисточна Азија ја покажале ефективноста на малите индивидуални оружја кои биле способни за уништување и на поединечни и на повеќекратни цели. Во моторизираните пешадиски единици, овие способности биле реализирани од страна на систем на оружје комбиниран од пушка и фрлачка на гранати. Идејата за универзално оружје резултирала со усвојување на подцевковната фрлачка на гранати „40мм М203“, за американската пушка „М16“. Оваа иновација во вооружувањето на Армијата на САД не останала незабележана во тогашниот СССР. Така, во Советскиот Сојуз во доцните 70-ти години, оперативна станала фрлачката на гранати наречена БС-1 „Тишина“, наменета за специјалните сили. По некое време, бил пуштен во употреба систем кој се состоел од стандардна пушка „Калашников“ и 40-милиметарска фрлачка на гранати, наречена „ГП-25 Оган“. Подоцна таа била заменета со модернизирана верзија „ГП-30 Обувка“. Овие оружја широко се користени од страна на армијата на Русија. Искуствата во борбената употреба на овие оружја ги откриваат нивните предности и недостатоци. На пример, пушката опремена со фрлачка се покажала премногу тешка за просечниот војник. Покрај тоа, нејзината монтажа на пушката ја менувала стрелбата и го влошувала балансот на оружјето. Во светот на вооружувањето повеќето иновации се направени или предложени од страна на припадниците на единиците за специјални намени, што е и логично, бидејќи тие се први кои ќе имаат прилика практично да ја проверат вистинската вредност на опремата. Руските специјалци во противтерористичките акции користеле главно стандардна пушка „Калашников АК-74“ и пократката верзија „АКС-74У“ и дефинитивно им било потребно ново оружје со помали димензии, погодно за употреба во просторно ограничени услови, а кое со едноставна модификација би можело да се користи како јуришна пушка и пушка со фрлачка на гранати. Врз основа на нивните тактичко-технички барања, се дошло до идеја за комбинирање на јуришните пушки со фрлачки на гранати во практична интегрална единица за значително да се намали тежината на целиот систем, да се стабилизира пукањето со оружјето и по имплементацијата на бул-пап концептот во новото оружје, да се подобри рамнотежата и контролираноста врз системот и намалување на неговите димензии. Централното конструкторско-истражувачко биро за спортско и ловечко оружје од Тула, кон крајот на 1992 година започнува со развојот на новата модуларна пушка. Пушката во текот на 1993 година е тестирана во специјалната единица на МВР „Витез“, а на јавноста за прв пат ѝ е

> Автоматската (јуришна) пушка „ОЦ-14 Гроза“ е конструирана од инженерите Валериј Тереш и Јуриј Лебедев. Пушката е модуларно оружје во бул-пап конфигурација, направена врз основа на автоматот во пушковен калибар АКС-74У. Конструкторите ја избрале оваа платформа поради сигурниот принцип на работа

прикажана на саемот за вооружување во Москва во 1994 година. Истата година е усвоена во вооружувањето на специјалните единици на МВР („Витез“, СОБР, ОМОН) и почнува сериски да се произведува.
Пушката го носи името „стрелково-гранатометный комплекс – Гроза“ и ознаката „Образец ЦКИБ-14”, скратено ОЦ-14 Гроза (грмотевици или бура).

Карактеристики

Автоматската (јуришна) пушка „ОЦ-14 Гроза“ е конструирана од инжинерите Валериј Тереш и Јуриј Лебедев. Пушката е модуларно оружје во бул-пап конфигурација, направена врз основа на автоматот во пушковен калибар АКС-74У. Конструкторите ја избрале оваа платформа поради сигурниот принцип на работа, евтиното производство и едноставното техничко одржување. Како дериват на пушката „Калашников“, таа функционира врз принципот на позајмица на барутните гасови и се забравува со ротирачки затворач. Тестирањата покажале дека е доверлива во сите климомеханички услови. Благодарејќи на бул-пап конфигурацијата, каде автоматиката е сместена во шуплината на кундакот, а рамката за муниција е сместена позади чкрапалото, оружјето е пократко, со помали димензии и со иста должина на цевката. „ОЦ-14 Гроза“ е модуларно оружје, бидејќи едноставно, со монтирање на додатоци, може да се приспособи за различни задачи. Пушката „ОЦ-14“ во суштина е АКС-74У во бул-пап изведба и има 75 % исти делови. Се состои од: цевка, сандак, поклопец на сандакот, потков на кундакот, носач на затворачот со затворач, повратен механизам, гасен цилиндар, долна заштитна облога и пиштолска ракофатка. Во комплетот на пушката се додатоци за различни конфигурации, рамки за муниција, ремник и прибор за чистење и одржување. Се транспортира во алуминиумски куфер. Распоредот на командите, исто така е идентичен со АК. Регулаторот на стрелба во вид на лост се наоѓа од десната страна. Дополнителниот регулатор кој го регулира дејството од пушката, или потцевковната фрлачка на гранати кога е ставена на оружјето се наоѓа од левата страна на сандакот, над пиштолската ракофатка. На горниот дел на пушката, помеѓу задниот и предниот нишан, заварена е рачка за носење, која воедно има функција на нишански мост. Механичките нишани не се најдобро решени, поради кратката нишанска линија. Предниот нишан е малку пократок од оној на АК, додека задниот е диоптерски, на кружен прстен, со четири прорези за далечини од 50, 100, 150 и 200 метри. На рачката може да се постави оптички нишан ПО 4×34 (основен, кој е во комплетот на пушката) или други видови на дневни и ноќни нишански уреди. На задниот дел на пушката е потков на кундакот со гумен амортизер и со сандакот е поврзан со шарки. Пушката брзо и едноставно се расклопува. Треба да се ослободи осигурувачот на потковот на кундакот, кој се преклопува во лево, а потоа (како кај АК) се подигнува поклопецот на сандакот и се вади носачот на затворачот со клипот, затворачот и повратниот механизам. На крај треба да се одвои гасниот цилиндер, пиштолската ракофатка и заштитната облога.

Специјалните единици на војската и на полицијата ја употребувале „ОЦ-14“ во текот на војните во Чеченија, во Јужна Осетија и во противтерористичките акции во Дагестан. Извештаите од терен покажале дека „Гроза“ е сигурно оружје во сите услови. Одлично се покажала во борбите во урбана средина, особено во конфигурација со фрлачка и придушувач



## Варијанти и конфигурации

Првата варијанта која била конструирана ја носи ознаката „ОЦ-14-1А“ и е во калибар 7,62×39 мм. Користи стандардни рамки за муниција за АК-47, има цевка со должина од 415 мм, тешка е 3,1 кг (без фрлачката на гранати) и долга 840 мм. Теориската брзина на стрелба е околу 750 куршуми во минута, а најефикасно дејство постигнува на далечини до 300 метри. Одредена количина на „ОЦ-14-1А“ руската војска во 1998 година набавила за воздушно-десантните единици СПЕЦНАЗ и за морнаричката пешадија.
Варијантите во стандардниот руски 5,45×39мм (ОЦ-14-2А) и НАТО калибарот 5,56×45мм (ОЦ-14-3А),





иако биле нудени на домашниот пазар како замена за АКС-74У и за извоз, поради слабата заинтересираност останале само на ниво на прототип. За специјалните единици на полицијата, по посебно барање, била конструирана варијантата ОЦ-14-4А за подзвучниот куршум 9×39мм. Настанала врз основа на краткиот карабин ОЦ-12 „тисс“ (варијанта на АКС-74У на компанијата „ЦКИБ ССО“ во калибар 9×39мм). Има цевка со должина од 240 мм, тежина од 2,7 кг (без фрлачката на гранати) и должина од 500 мм (најкратката конфигурација). Најдобри резултати постигнува на далечини до 200 метри. Користи снајперски (СП-5) и панцирно-пробоен (СП-6 или ПАБ-9) куршум.

Пушката „ОЦ-14 Гроза“ е евтина, но квалитетна и робусна, иако настанала и се произведувала за време на падот на руската економија. Таа, исто така, е и прв успешен руски бул-пап проект усвоен во вооружувањето. Треба да се забележи дека таа, сепак, не е универзално супероружје наменето за вооружување на целата војска и нема да стане ривал на автоматските пушки „Калашников“

Моделот во калибар 7,62×39мм ОЦ-14-1А се полни со стандардни рамки за муниција за АК-47 со капацитет од 30 куршуми, додека „ОЦ-14-4А“ во калибар 9×39мм се полни со скратени рамки за муниција од 20 куршуми (преземени од пушките „АС Вал“ и „ВСС Винторез“). Со пушката се испорачуваат две рамки за муниција. Во зависност од задачата, корисникот може со едноставна монтажа на додатоците, пушката да ја користи во четири различни конфигурации: основна варијанта е „ОЦ-14-4А“ – јуришна пушка со потцевковна фрлачка на гранати; „ОЦ-14-4А-01“ е јуришна пушка со предна вертикална ракофатка; „ОЦ-14-4А-02“ е компактна пушка (без додатоци) и „ОЦ-14-4А-03“ е специјална јуришна пушка со придушувач и оптички нишан. Јуришната пушка со потцевната фрлачка на гранати „ОЦ-14-4А“ се добива кога ќе се одвои пиштолската ракофатка, па наместо неа се става потцевковната фрлачка со ракофатка и на устата на цевката се прицврстува продолжеток на цевката со нишан. Чкрапањето од пушката и фрлачката на гранати се врши со едно чкрапало, а режимот, автоматска стрелба или граната, се регулира со селектор. Фрлачката на гранати со калибар 40mm е упростена варијанта на ГП-25 (без ракофатка и нишани). Наменета е за уништување на жива сила, огнени средства и неоклопни моторни возила на далечини од 50 до 400 метри (непосредно и посредно). Може да испукува проектили со распрснувачко, кумулативно, чадно и запаливо дејство. Почетната брзина на проектилите е 76 м/сек, а практичната брзина на гаѓање изнесува 5–6



гранати во минута. Кога на устата на цевката се монтира цевка со предна вертикална ракофатка од полимер, ОЦ-14 се користи како јуришна пушка ОЦ-14-4А-01. Така корисникот може полесно да го контролира оружјето при отварање на оган, држејќи го со левата рака за ракофатката. Најкратката конфигурација, компактната пушка „ОЦ-14-4А-02“, се добива со монтирање на заштитникот на устата на цевката, кој воедно е компензатор на повратното дејство. Оружјето е погодно за блиска борба во простории и полесно се носи и се транспортира. Со монтирање на дводелниот придушувач и оптичкиот нишан ПО 4×34 оружјето станува специјална јуришна пушка „ОЦ-14-4А-03“, наменета за придушено дејство или прецизна огнена и снајперска поддршка на далечини до 300 метри.



Калибар

Конструиран од страна на Забелин и Фролов во осумдесеттите години, 9x39мм е подзвучен калибар, конструиран на барање на СПЕЦНАЗ единиците. Од познатиот калибар 7,62x39мм земена е чаурата и нејзиното грло е проширено на 9,02мм, за да го прифати зрното за тој калибар. Со вакво „вкрстување“, добиена е муниција со име СП-5 и СП-6, која има подобри карактеристики од класичните пиштолски калибри. Зрното има 16 гр и е два пати потешко од зрното со калибар 7,62x39м и од зрното 9x19мм. Почетната брзина му е околу 300м/сек, што со кинетичка енергија од 720J, на панцирното зрно СП-6 му дава доволно сила да на далечина од 100м пробие челична плоча со дебелина од 6мм. Неговиот квалитет се гледа и во тоа што поради својата мала почетна брзина, го намалува ризикот од рикошетирање. Русите за овој калибар имаат направено цела низа на пушки и пиштоли, како што е специјалната придушена снајперска пушка „Винторез“, на конструкторот Сердјуков, која со пиштолот „Гјурза“ се омилени „играчки“ во арсеналот на руските специјалци.

## Добри и лоши страни

Специјалните единици на војската и на полицијата ја употребувале „ОЦ-14“ во текот на војните во Чеченија, во Јужна Осетија и во противтерористичките акции во Дагестан. Извештаите од терен покажале дека „Гроза“ е сигурно оружје во сите услови. Одлично се покажала во борбите во урбана средина, особено во конфигурација со фрлачка и придушувач. Лесно се расклопува, склопува, чисти и одржува. Од друга страна, забелешки биле дадени на малиот капацитет на рамките за муниција (ОЦ-14-4А), на поместеното тежиште, кога се употребува без потцевковна фрлачка, на отежнатото ракување, кога корисникот е леворак и на проблематичното нишанење. Механичките нишани слабо се видливи, а кога се употребува оптички нишан главата на корисникот премногу е издигната, што може да биде заморно и демаскирачко. Уште еден недостаток е немањето на потпирка за образот, бидејќи корисникот лицето го потпира директно на поклопецот на сандакот. На крај треба да се каже дека руските специјалци во деведесеттите години на минатиот век добиле оружје какво што посакувале – модуларно и сигурно во борба. Пушката „ОЦ-14 Гроза“ е евтина, но квалитетна и робусна, иако настанала и се произведувала за време на падот на руската економија. Таа, исто така, е и прв успешен руски бул-пап проект усвоен во вооружувањето. Треба да се забележи дека таа, сепак, не е универзално супероружје наменето за вооружување на целата војска и нема да стане ривал на автоматските пушки „Калашников“. Таа повеќе е оружје за професионалци од висока класа, лесно, корисно оружје, кое сигурно ги проширува борбените способности на специјалните единици.

Александар Стојчевски






# Хеликоптер „AÉROSPATIALE GAZELLE“

Хеликоптерот (познат под ознаките SA 340, SA 341 и SA 342) најчесто се користи за лесен транспорт, за извидување и за лесни напади. Се напојува со еден турбински мотор и е првиот хеликоптер кој има вградена опашка (fenestron tail), наместо конвенционален ротор на опашката. Овој модел придонесува за безбедноста во летањето и за летови со поголеми брзини.

Моделот настанал како резултат на барањето на француската армија за лесен хеликоптер за потребите на набљудувањето, за замена на помалиот хеликоптер „Aérospatiale Alouette III“, а е донесена одлука и за овозможување поголема разновидност (варијанти) за текот и реализација на мисиите со цел да се направи поатрактивен за извозниот пазар. Првиот прототип „SA 340“ полетал на 7 април 1967 година, со конвенционален ротор на опашката земен од хеликоптерот „Alouette II“. Карактеристичната опашка на фенестор е вградена на вториот прототип. Официјално влегува во сериско производство на 13 мај 1967 година, кога ги демонстрирал своите брзински можности и кога два одделни светски рекорди за брзина се прекинати (постигнувајќи брзини од 307 км/ч над 3 километри и 292 км/ч над 100 километри). Феностронопашката веројатно е еден од клучните достигнувања што овозможи „Gazelle“ да стане најбрзиот хеликоптер во светот во својата класа. Од 1967 година, сè до 1996 година, произведени се околу 1800 разни модели и варијанти на овој хеликоптер. Се смета дека од југословенско производство произлегле повеќе од 130 хеликоптери „Gazelle“.

> Хеликоптерот „Aérospatiale Gazelle“ е дизајниран од страна на француската компанија „Sud Aviation“ (подоцна компанијата го добива името „Aérospatiale“), а произведен е во Франција и во Обединетото Кралство преку заеднички договор за производство со британската компанија „Westland Aircraft“. Понатамошното производство под лиценца го извршија компанијата „SOKO“ во Мостар, во поранешна Југославија и АВНСО, која беше арапско-британска хеликоптерска компанија во Египет

Во служба на француската армија хеликоптерот првенствено се користи како противтенковски лесен воздухоплов (anti-tank gunship - SA 342M), вооружен со проектили „Euromissile HOT missiles“. Се користи лесна верзија (SA 341F), опремена со 20 мм топови, како и варијанти за борба во воздух кои ги носат ракетите „Mistral“ (air-to-air missile). Последните противтенковски и извиднички верзии го носат системот за термички слики и се нарекуваат „Gazelle Viviane“. Иако хеликоптерот се заменува во првите позиции со „Eurocopter Tiger“, истиот ќе продолжи да се користи за лесен транспорт, за врски и комуникации, за транспорт на повредени и како истурен воздухопловен контролор од воздух.

Со хеликоптерот е учествувано во бројни конфликти низ целиот свет, како на пример во Сирија, за време на војната во Либан во 1982 година, за време на граѓанската војна во Руанда во 1990-тите, како и од бројни учесници од двете страни на Заливската војна во 1991 година. Во француската служба, тој е употребуван како хеликоптер за напад во комбинација со поголемиот хеликоптер „Eurocopter Tiger“, но останува во употреба



првенствено како извидувачки хеликоптер. Во текот на 1980-тите, Кина се стекна со осум парчиња „SA 342L“ борбени хеликоптери. Ова се првите хеликоптери за напад со кои располага Народноослободителната војска. Набавката на дополнителни воздухоплови, вклучувајќи и лиценцирано производство на хеликоптерот во Кина, беше предмет на разгледување, но оваа иницијатива очигледно била напуштена по крајот на Студената војна. Малата флота била искористена за развивање тактики, а често се користеле и за симулирање на непријателски сили за време на воените вежби.

Компанијата посветила поголемо внимание и за комерцијалниот пазар. Во еден момент одредени компании имале флота од најмалку 70 „Gazelle“. Оваа варијанта вклучувала врата за надворешен багаж, монтирана под главната кабина. За таа цел хеликоптерот е приспособен за операции со еден пилот според правилата за летање со инструменти.

Новиот развој на настаните предвидуваат служба и во 21 век, со реализирани големи програми за модернизација и надградба. Пакетот за модернизација вклучува: надградена балистичка заштита, заштитни очила за ноќно летање, нови системи за вооружување и боеви средства, како и 3D-навигациски дисплеи. Во септември 2011 година е предложено поранешните британски хеликоптери од овој тип со вградени автономни системи за управување со летот, да ги трансформираат во беспилотни летала, со цел да ги исполнат условите и побарувањата на Кралската морнарица за беспилотни поморски воздушни пловила. Од 2013 година, Египет е заинтересиран за надградба на нивните домашно изградени „Gazelle“ хеликоптери.

Хеликоптерот  е дизајниран да биде лесен за одржување, без потреба од континуирана примена на одредени технички одржувања. Со минимални барања за одржување се придонело за ниски тековни трошоци за хеликоптерот. Така многу од компонентите се дизајнирани да имаат работен век од 700 часа летање, а во некои случаи и до 1200 часа на летање, пред да се побара соодветна замена за нив.

## Македонски пилоти на обука

Во текот на 2014 година, на воениот аеродром „Голубовци“ во Подгорица, Црна Гора, се одржа церемонија по повод завршување на повисок степен на летачка обука на „Gazelle“ хеликоптери на тројца пилоти од Армијата на Република Северна Македонија. Тие минаа низ повисок степен на летачка обука, спроведена од Воздухопловните сили на Војската на Црна Гора, како резултат на успешна билатералната соработка помеѓу двете земји, особено во делот на образованието и обуката.

Во текот на 2017 година се реализираше уште еден план на билатерална соработка и унапредувајќи го квалитетот на својот пилотски кадар, нашата држава значително ги подобри своите одбранбени капацитети. Беше реализирана преобука и напредна обука (повисок степен на летачка обука) на лесен повеќенаменски хеликоптер од типот „H-42/45 (SA341/342) – Газела“ и курс за наставници по летање. Акцентот на обуката беше ставен на: летање и запознавање со спецификите при летање над планински предели, слетување на висински точки, вонаеродромско слетување и полетување на терени со поголеми надморски височини, летање над водени површини, вонредни постапки, односно имитација на откази со посебен акцент на имитација на отказ на мотор и слетување на хеликоптерот во режим на авторотација, формациско летање во пар, дење и ноќе, и друго.

Драган Павловски



# Грижата за семејствата – еден од нашите приоритети



Армијата е жива материја, што значи дека постојано е во движење и исполнување на своите задачи, почнувајќи од секојдневните обврски во организационите единици, изведувањето обуки, вежби во државата и надвор од неа, учество во меѓународни мировни мисии, понекогаш извршување и на вонредни задачи – справување со поплави, пожари, мигрантска криза и слично, со цел градење и придонес на безбедносната агенда. Сето ова е дел од новото време кое носи многу предизвици, па токму затоа страниците на војничкиот дневник евидентираат дека, кога војникот, односно активниот воен и цивилен персонал од Армијата односно Министерството за одбрана треба да заминат во меѓународни мировни или хуманитарни мисии, обуки или вежбовни активности во странство во период подолг од 30 дена, тогаш на една страна се појавува грижа за семејствата, а на друга страна успешното и комплетно извршување на зададените задачи. Во такви случаи учесникот се наоѓа растргнат помеѓу загриженоста за семејството и исполнувањето на секојдневните

Препознавајќи ја важноста на грижата за семејствата, како еден од приоритетите на Министерството за одбрана и Армијата, минатата година од страна на министерката за одбрана беше донесен Правилник за начинот на грижа за семејствата на воениот и на цивилниот персонал за време на нивното учество во вежбовни активности, обука, хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката





семејни потреби и реализацијата на професионалните обврски, бидејќи посебно учеството во меѓународни мировни или хуманитарни мисии за многумина може да биде стресно и да има различен импакт врз членовите на семејството, што најмногу се рефлектира преку семејната оддалеченост, иако секоја мисија е приказна за себе. Тоа значи дека секоја мисија има различен статус и компоненти, што подразбира различни задачи, услови за работа и безбедносни ризици.
Секој од нас, кога би се нашол во улога на учесник во некоја од погоренаведените активности, има потреба од семејна поддршка, односно од обезбедена грижа за семејството, без разлика дали е маж или жена, офицер или подофицер, професионален војник или цивилен персонал.
Препознавајќи ја важноста на грижата за семејствата, како еден од приоритетите на Министерството за одбрана и Армијата, минатата година од страна на министерката за одбрана беше донесен Правилник за начинот на грижа за семејствата на воениот и на цивилниот персонал за време на нивното учество во вежбовни активности, обука, хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката. Правилникот регулира низа активности кои се состојат од конкретни чекори преземени од страна на Министерството за одбрана, односно Армијата, па токму оттука доаѓа првото охрабрување дека учесниците добија сигурна адреса на која можат да се обратат и да се потпрат, од каде што секогаш може да побараат асистенција додека нивните сакани се на одредени задачи во мисија надвор од Република Северна Македонија.

Имплементацијата на одредените активности од Правилникот и Годишниот план за поддршка на семејствата се реализира преку три транзициони центри лоцирани во Скопје, Штип и Кичево, коишто се формирани наменски во 2016 година. Во центрите за транзиција може да се организираат групи за поддршка во чиј состав доброволно се вклучуваат членови на семејствата на учесниците, членови на семејствата на поранешните учесници и експерти во определена област

Главен носител на активностите за грижа на семејствата на учесниците е организационата едница за управање со човечки ресурси во Министерството, во соработка со други организациони единици во Министерството за одбрана и Армијата и други органи и организации. Вклучување на членови на семејството во одредени активности за поддршка се реализира на доброволна основа.
Всушност, грижата на семејствата се состои од следните активности: давање на потребни информации на членовите на семејството на учесниците пред упатување и за време на учеството во вежбовни активности, обука, хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката. Информирањето пред упатување се врши на заеднички брифинг каде што учесниците и членовите од семејството се запознаваат со мисијата, нејзиното траење, правата и нивното остварување, а по потреба се врши информирање во текот на учеството и кога е тоа неопходно. Исто така, по потреба се реализираат поединечни разговори и советувања; правно и административно советување и укажување помош за остварување на правата на членовите на семејството на учесниците во согласност со законот; надоместок на трошоци направени при користење на здравствени услуги од страна на членови на семејството во јавни здравствени установи, со уредно доставена здравствена документација; помош при комуникација со учесниците, испраќање и прием на пратки за и од учесниците, а тоа подразбира обезбедување контакти по телефонски пат, семејството може да прима, односно да испрати пакет два пати во текот на упатувањето – еднаш до учесникот и еднаш од учесникот. Притоа тежината на пакетот е ограничена до два килограми, а трошоците се на товар на Министерството; информации во случај на телесни повреди, болест или смрт; помош за користење на капацитетите за одмор на Министерството, односно Армијата. При користење на летен и на зимски одмор во рекреативните објекти на Министерството, се дава приоритет на членовите на семејствата на учесниците според принципот „прв дојден, прв услужен“; советување за финансиски прашања и помош за остварување на финансиски надлежности кои ги остварува учесникот во согласност



со законот; укажување психолошка и социјална поддршка на членовите на семејството на учесникот, што подразбира мерки и активности кои се однесуваат на нивната психолошка и социјална подготовка пред упатување на учесникот, за време на учеството и по завршување на учеството. Наведеното опфаќа едукативни работилници, стручни препораки за справување со одредени состојби, индивидуални разговори и советувања кои се реализираат на доброволна основа, односно по барање на членовите на учесникот; организација на културно-забавни активности, посетување на одредени манифестации, концерти, фестивали, филмски и театарски претстави, како и изложби во согласност со Годишниот план на активности за поддршка на семејствата. Се организира „Ден на семејствата“ на кој се повикуваат членовите на семејствата на учесниците и други авторитети од Министерството и Армијата заради организирање заедничка средба на која се остварува видеоконференциска врска со учесниците, заеднички ручек, културно-забавни и други активности; реализација на друга грижа во согласност со законот.

Пред новогодишните празници беше организиран токму еден ваков настан – Ден на семејствата, каде што министерката за одбрана и началникот на Генералштабот оствариjа средба со семејствата на припадниците од Армијата кои во тој момент беа упатени во мисиите на НАТО, на ООН и на ЕУ во Авганистан, во Либан, во Босна и Херцеговина, а беше воспоставен и видеолинк со македонските мировници во споменатите мисии.

Имплементацијата на одредените активности од Правилникот и Годишниот план за поддршка на семејствата се рализира преку три транзициони центри лоцирани во Скопје, Штип и Кичево, коишто се формирани наменски во 2016 година.

Во центрите за транзиција може да се

**Главен носител на активностите за грижа на семејствата на учесниците е организационата единица за управување со човечки ресурси во Министерството, во соработка со други организациони единици во Министерството за одбрана и Армијата и други органи и организации**

организираат групи за поддршка во чиј состав доброволно се вклучуваат членови на семејствата на учесниците, членови на семејствата на поранешните учесници и експерти во определена област.

Во контекст на наведеното, а препознавајќи ја важноста за грижата за семејствата и нивната поддршка, кон крајот на јануари 2019 година, неколку претставнички од армиските редови имаа средба со госпоѓата Сели Ленгиел, сопруга на генералот Џозев Ленгиел, шеф на Бирото на Националната гарда на Соединетите Американски Држави, во придружба на госпоѓата Кејпи Полк Бејли, сопругата на поранешниот амбасадор на Соединетите Американски Држави во Република Северна Македонија.

Составот на присутните од Армијата на Република Северна Македонија беше од сите категории – офицерки, подофицерки и жени-цивилни лица на служба во армијата, коишто биле веќе упатени во мировни мисии во странство или нивните сопрузи биле распоредени во некоја од мировните мисии во странство, но присуството го збогатија сопругата на еден од генералите во АРСМ и сопругата на еден мајор којшто бил учесник во мировната мисија „Одлучна поддршка“ во Авганистан.

Средбата се одржа во Американско катче во Скопје, а истата беше многу продуктивна, со размена на искуства и дискусија поврзана со предизвиците кога членовите на семејствата, односно учесниците, се на извршување задачи надвор од територијата на Република Северна Македонија во период подолг од 30 дена.

Воедно, на средбата накратко беше презентиран Правилникот, а притоа беа нагласени најважните елементи што треба да бидат третирани пред упатувањето, во периодот на учеството и после тоа, а тоа е семејната разделеност, носејќи ги со себе психолошките и логистичките предизвици. Како и да е, заминувањето во мисија има директно влијание на членовите на семејството, затоа што многупати учесниците се наоѓаат на крстопат помеѓу грижата за семејството за време на нивното отсуство од една страна и фокусот на комплетно и успешно извршување на зададената мисија од друга страна.

Госпоѓата Сели Ленгиел зборуваше за загриженоста и импактот на семејствата. Таа, преку нејзините излагања, даде практични примери за активности коишто ги преземала американската армија за поддршка на семејствата кога нивните сакани се некаде распоредени низ светот заради извршување на одредена мисија. Таа ја потенцираше организацијата TAPS (Tragedy Assistance Program for Survivors), којашто работи како интернационална работна група. Госпоѓата Сели Ленгиел ја истакна целта и активностите на организацијата којашто обезбедува поддршка на семејствата, а притоа ја нагласи можноста за остварување контакт од страна на авторитетите од Министерството за одбрана и Армијата со менаџерскиот тим на ТАПС.

Во дискусиите беше споделено и личното искуство на госпоѓата Кејпи Полк Бејли, која ги нагласи психолошките и друг тип на аспекти од упатувањето во мировна мисија, кое може да има одредени консеквенци за семејството, а посебно за децата.

Антониела Станковска Будимир





# Како да водите „тешки“ разговори: **8 совети**

Нема покачување на платата. Нема унапредувања на работното место. Има проблеми со квалитетот. Ова се само дел од ситуациите поради кои раководните лица понекогаш треба да „испорачаат“, односно да пренесат непријатни вести. Текстов нуди неколку стратегии за тоа доколку сме ставени во таква ситуација, да бидеме во состојба да се справиме со тешките дискусии кои се составен дел на истите.

Имено, воопшто не е пријатно да се биде од која било страна на еден непријатен, односно „тежок“ разговор. Но, ако, сепак, сме доведени во ситуација да водиме „тежок“ разговор или да пренесеме несакана вест, односно да треба на некого да му кажеме дека нема да добие покачување на платата, да ја поправи работната дисциплина, да дискутираме за работниот учинок на нашиот потчинет кој малку заостанува во работата – е клучна вештина која сите ИТ-лидери или менаџери мора не само да ја поседуваат туку и да ја применуваат.

Всушност, кога некое прашање поврзано со вработен, врсник или деловен партнер треба да се реши, луѓето имаат тенденција да направат една од двете грешки, вели Cheri Torres, тренер за бизнис-лидерство и автор на „Разговори кои вреди да се водат“ (на англиски јазик: Conversations Worth Having"). Тие го одложуваат решавањето, а всушност тоа често ја влошува ситуацијата. Или, пак, едноставно се премногу груби и директни поради што самиот разговор е помалку ефективен и истиот е проследен со повредени чувства и слично.

Да се водат „тешки разговори“ никогаш не е добредојдена задача. Сепак, постојат начини и овие разговори да бидат попродуктивни, а помалку болни.

Затоа, да ги погледнеме следниве 8 стратегии:

**1. Нека добрата вест биде подобра од лошата**

„Секогаш кога ќе мора да дадеме конструктивни повратни информации (фидбек), треба да имаме 10 или повеќе







интеракции кои вклучуваат позитивни повратни информации", вели Бет Линдербаум, раководен консултант во фирмата за развој на работна сила . „Менаџерите кои градат цврст однос врз основа на доверба и транспарентност ќе имаат најдобра основа да пренесат/ доставaт непријатни вести /пораки".

**2. Секогаш бидете спремни/ Секогаш да се поготвувате**

„Дури и ако сте искусен лидер или менаџер, одвојте време за однапред да се подготвите за разговорот", вели Елизабет Фридман, директор на „Бејтс комуникации". „Размислете што ќе кажете и исто така да се подготвите што би можеле да кажете и за прашањата што може да ви ги поставaт".

**3. Сочувствувајте**

„Можноста да се биде критикуван го зголемува нашиот страв дека ќе бидеме отфрлени, дека не сме доволно добри да бидеме дел од нешто. Добивањето, пак, на критички повратни информации може да го поттикне нашиот страв дека ќе бидеме одбиени ", вели Торес. „Колку повеќе страв, толку помалку можности да се поврземе и заедно да ги решиме работите".

Пред да започнеме со разговорот треба да размислеме за другата страна, односно поради што се слаби во работата. Како може да им помогнеме? „Дознајте дали има надворешни фактори кои влијаат врз перформансите и однесувањето на некој човек", советува Тони Даниело, директор на инфраструктурните услуги во Computer Design & Integration.

**4. Избегнувајте ја таканаречената ситауција на „фидбек-сендвич"**

Ја знаете формулата: давате комплимент, давате конструктивна критика, а потоа додавате уште еден комплимент? Тоа не функционира. „Ако секој разговор почнува на тој начин, поединецот секогаш ќе мисли дека следи нешто негативно, секогаш кога ќе им дадете комплимент или позитивно поттикнување", вели Даниело.

Линдербаум сугерира замена на овој пристап со „конзистентен и автентичен извештај преку вашите директни извештаи каде што можете да ги споделите вашите забелешки за нивната работа, да ги слушнете нивните согледувања и да работите заедно за подобрување".

**5. Нека „водата тече на ваша страна"**

„Тешките разговори можат да бидат и можност за учење и подобривање/ унапредување", вели Дејвид О'Хара, претседател на ИТ-менаџмент и консултантска фирма. Но, веројатноста истото да се реализира е поголема ако разговорот е „врамен" на позитивен начин. Затоа, „префрлете го фокусот од она што не е во ред во исходот/резултатот што сакате да го постигнете", советува Торес. Така, на пример, разговор за тоа како однесувањето на вработениот ги одбива луѓето станува дискусија на тема поврзана

со значењето на добрите односи меѓу членовите на тимот. „Вашата работа се намалува" може да се парафразира во „Што треба да се случи за да бидете екстремно добри на работното место". Лошите вести поврзани со унапредување на работно место се развиваат во разговор за тоа како подобро да се позиционирате да добиете подобра работна позиција во следната понудена можност.

**6. Бидете конкретни**

„Разговорите треба да бидат директни, редовни и искрени", вели Џанкарло ди Веце, претседател на провајдерот за развој на софтвер „Unosquare". „'Зашеќерените' фидбеци не носат ништо добро за компанијата, ниту за послабиот вработен". Ова посебно се однесува на вработените од технолошката бранша, бидејќи кога се ставени во ситуација на приматели на информации, без оглед дали се фидбек-информации или информации за нивната ефикасност, тие ќе одговорат подобро на детален „внес/импут" поддржан со податоци. Тоа значи конкретни примери на однесување, специфични случаи каде што се појавило однесувањето или зачестеност и места каде што се случиле.

„Како лидер, треба да оцените и да се осигурате дека сте се подготвиле за разговорот", вели Фридман. „Наведете ги вашите примери. Набавете мислење од други лица/сведоци на конкретното однесување ако тоа е потребно за да имате јасна слика за настанот".

Покрај тоа, бидете искрени и што е можно подиректни. Кога еден лидер или менаџер нуди само делумни повратни информации или ако не успее да даде целосна причина за нешто, тоа „ја намалува веројатноста дека тој ќе може да го реши проблемот", вели Фридман.

**7. Заменете го „но" со „и"**

Да се биде внимателен во врска со говорот води кон конструктивен разговор. Наместо да кажете: „Имавте одлични визуелни помагала, но можевте на слушателите/публиката да ѝ дадете повеќе време за прашања", обидете се со „Имавте одлични визуелни помагала, и следниот пат можеби ќе помислите да додадете повеќе време за прашања од страна на слушателите/публиката ". Зборот „но" го брише сè она што во говорот било претходно кажано и може да ги стави луѓето во позиција да се бранат, вели Линдербаум. „Измената може да изгледа мала, но влијанието што ќе го има врз тоа како приемникот ќе ги интерпретира повратните информации и како тоа прави да се чувствуваат, има голема разлика".

**8. Понудете лекови/правна помош и надеж**

Многу важно е на другата страна да ѝ се даде план за поправање. Даниело секогаш има на ум план



за „добро" за вработените, како на пример, дополнителни обуки или менторски сесии. „Трасирајте, оставете јасно дефинирана патека како да ги адресирате повратните информации, вклучувајќи ги времето, клучните точки и мерките за успех", вели Фридман. „Ова е особено важно ако е во контекст на некој кој не добива унапредување".

Да се дава надеж дека покачувањето е сè уште опција, дека лицата ќе продолжат да напредуваат на работните места е корисно. Никогаш не се завршува разговор со негативна забелешка, предупредува Даниело.

Но, треба да се избегнува да се дава лажна надеж, вели Фридман, бидејќи тоа „може да има негативно влијание не само кај вработениот, туку ќе влијае и на репутацијата на лидерот".

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од Stephanie Overby https://enterprisersproject.com/article/2018/10/how-have-tough-conversations-8-tips?page=1&sc_cid=70160000000cYRWAA2&fbclid=IwAR2pBkUhv7e8EDaszs2nEpN92UMSVq7gxZdlCPiTNWGLTzWb7SWvRIoucGk)*





# Тимови за брз одговор при големи сообраќајни несреќи

Големите сообраќајни несреќи се неочекувани несреќи кои настануваат во патниот, во железничкиот, во водениот и во воздушниот сообраќај при движење или при судир на транспортни средства со други транспортни средства, со земјиштето, водата, воздухот или просторните патишта, при што доаѓа до повреда или до загуба на луѓе, материјална штета, како и можни штетни влијанија врз животната средина и природните еко-системи

Заштитата и спасувањето од големи сообраќајни несреќи опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на спасувањето при настанати големи несреќи во патниот, во железничкиот, во воздушниот и во водениот сообраќај во кои има голем број повредени и загинати лица или е предизвикана голема штета. При утврдувањето на потребната организација посебно се определуваат задачите на задолжените субјекти и задачите, големината и видовите на силите за заштита и спасување кои ќе учествуваат во спроведувањето на спасувањето од сообраќајни несреќи, како и отстранување на последиците предизвикани од сообраќајни несреќи. Со оперативната постапка за спроведување на спасувањето од големи сообраќајни несреќи, пропишана од страна на директорот на ДЗС, се определуваат активностите и постапките на учесниците во спроведувањето на спасувањето од сообраќајни несреќи од моментот на добивањето на задачата, па сè до нејзиното извршување.

Во зависност од видот на сообраќајната несреќа и местото на настанување на сообраќајната несреќа, за време на траење на опасноста, задолжените субјекти за спроведување на спасувањето од сообраќајни несреќи ги спроведуваат следните активности и мерки:

– ДЗС учествува во координацијата при спроведување на спасувањето од сообраќајни несреќи со тимовите за брз одговор и прва медицинска помош за спасување од сообраќајни несреќи.
– општините, односно градот Скопје; учествуваат во спроведување на спасувањето од сообраќајни несреќи со противпожарните единици во гасење на пожари, со спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот според утврден начин за нивно ангажирање;

– Министерството за внатрешни работи го одржува јавниот ред и мир, го регулира сообраќајот, забранува пристап на неповикани лица и го обезбедува местото на настанот;
– Министерството за здравство учествува во извлекување на повредени и во укажување прва помош, транспорт до здравствени установи, идентификација на загинати;
– Министерството за транспорт и врски учествува во планирање, уредување и обезбедување на сообраќајот, проодност на сообраќајниците и на останати обврски утврдени со планот за заштита и спасување;
– Министерството за одбрана учествува во заштитата и спасувањето со свои единици за поддршка на хумани операции во отстранување на последиците од сообраќајни несреќи, користејќи сопствени материјално-технички средства;
– ТД, ЈП, ЈУС и другите субјекти учествуваат во рамките на нивното секојдневно ангажирање во системот за заштита и спасување итн.

Ваква голема сообрајќајна несреќа кај нас се случи неодамна (на 13.2.2019 г.). Тоа беше автобуска несреќа на автопатот Скопје – Тетово кај месноста Карпалак. До несреќата дошло кај селото Ласкарци. Од сè уште неутврдени причини, автобусот во еден момент свртува остро лево. Се префрла во брзата коловозна лента, по што удира во левата банкина која го дели автопатот со возилата кои надоаѓаат од спротивен правец. Ударот бил силен. Двете банкини кои служат како заштита меѓу возилата кои се движат во спротивен правец биле срушени. Автобусот поминал преку лентата во која се движат возила во спротивен правец, од Тетово кон Скопје, и повторно удрил во банкината која го дели автопатот со стариот пат кој води до Сарај. Потпорниот ѕид дополнително ги усложнил работите. Автобусот практично го прелетал и паднал на регионалниот пат од висина како од втор кат. Кога атерирал, уште еднаш се превртел и завршил во нивата во близина. На својот пат до таму, пробил три заштитни челични банкини и заштитната ограда. На местото на несреќата сликата беше страшна. Ветробранското стакло можеше да се забележи на 30 метри од местото каде што беше ударот, опишуват медиумите.

Во емисијата на Канал 5 „Здраво Македонијо“ на тема: „Покажаа ли службите највисока подготвеност за вакви големи несреќи“, која одеше во живо од 8 до 10 часот на 15.2.2019 година., анкетираните граѓани се изјаснија позитивно и ги пофалија службите за покажаното високо ниво на подготвеност.



Но, дали сите служби ефективно и ефикасно одговорија во оваа несреќа. Ако се споредат должностите на службите спomenати погоре во текстот и активноста на службите на терен, се чини дека сите служби не одговорија. Активноста на Дирекцијата за заштита и спасување која треба при вакви несреќи да се наметне како водечко одговорно тело изостана.

Имено, меѓу силите за заштита и спасување ДЗС формира тимови за брз одговор за спасување од големи сообраќајни несреќи. Самото име кажува дека овие тимови се за брз одговор и за дејство во големи сообрајќајни несреќи. Автобуската сообрајќајна несреќа кај с. Ласкавце беше токму таква и се случува после 10 години од несреќата на бродот со бугарски туристи на Охридското Езеро.

Во републикава, со одлука се формирани три тимови за спасување од поголеми сообрајќајни несреќи.. Исто така, се формираат и 8 тимови за брз одговор за прва медицинска помош. Ниту еден од овие тимови не го видовме на терен. Се поставува прашањето: Ако наведените тимови не интервенираат при ваква несреќа, тогаш кога ќе интервенираат?

Затоа може да се констатира дека тимовите за брз одговор не го оправдаа своето постоење. Се поставува прашањето: Дали тие затаија во делот на персоналниот или материјалниот состав или, пак, во мобилизацискиот систем.

Во првиот случај тоа е намерно направено заради необучени припадници на тимовите за брз одговор, нивна неопременост со потребните МТС и опрема за справување со големи сообраќајни несреќи.

Во Вториот случај станува збор за слабост на мобилизацискиот систем во делот на наредба и стандардните оиперативни процедури.

За која и да било слабост да се работи, надлежните треба да преземат под итно корективни мерки и да ги отстранат детектираните слабости во интерес на нивната ефективност и ефикасност.

д-р Менде Солунчевски





# Релевантноста на Сун Цу денес
(втор дел)

Без оглед што алатките за војување се сменија во изминатите два милениуми, Сун Цу и понатаму е релевантен и неговите идеи се посебно значајни за да се сфати денешниот обновен концепт на нелинеарна војна која потекнува од источната филозофија. Во седмата глава, Маневрирање, Сун Цу вели дека нема ништо потешко од тоа да се направи маневар или да се најде соодветен заобиколен пат за да се надмудри противникот. За него и маневарот е форма на измама. Овде Сун Цу зборува за важноста на борбениот распоред при движење, брзината на сметка на безбедноста и ризикот да се изгуби логистичката поддршка.
Ова е релевантно и денес во време на голема мобилност на војските. Има бројни примери кога на сметка на брзото темпо, единиците ја губат поддршката со ризик да постигнат точка на кулминација. За успешно маневрирање, Сун Цу ја истакнува неопходноста од познавање на теренот или од разузнавачка подготовка на бојното поле. За да се надмудри противникот треба да се знае теренот, а оној кој подобро го познава секогаш ќе биде во предност. Ова е една од причините зошто бунтовничките движења се успешни – тие секогаш се борат на свој терен. За да може да маневрира, војската мора да е дисциплинирана, со добар систем на командување и контрола. Од суштинско значење за одржување на борбениот распоред при маневар е комуникацијата меѓу единиците.

> Сун Цу ја напишал „Вештината на војувањето“ пред околу 2500 години како прирачник за воените лидери. Книгата содржи 13 поглавја и до денес е најчесто цитирана, не само во воената литература туку и во други аспекти од животот каде се препознава потребата од планирање, одлучност, борба и победа. Ова дело има големо влијание на западната воена мисла, иако е преведена на англиски јазик дури на почетокот на дваесеттиот век

Во осмата глава, Различни тактики, Сун Цу наведува неколку практични совети за успех. Во контекст на најчесто цитираната изрека дека треба да знаеш кога да се бориш, а кога не, Сун Цу вели дека „има војски кои не смеат да бидат нападнати, патишта по кои не треба да се оди и наредби на владетели кои не треба да се послушаат“. Ова останало релевантно до денес, без оглед на технологијата и вооружувањето.
Повторно ја истакнува измамата во војна, но и во мир, со спроведување на субверзивни активности за поткопување на моралот, дисциплината и волјата на противникот. Во оваа глава Сун Цу допира елементи на лидерството со наведување на пет недостатоци кои војсководецот може да го доведат до пораз. Во суштина, тој укажува дека лидерот не смее во ништо да оди во крајност.
Во деветтата глава, Марширање, Су Цу зборува за повеќе аспекти на теренот и како тоа влијае врз движењето на војските. Наведува кои се предности, а кои се недостатоци за одредени видови на терен. Денес ова останува релевантно бидејќи, и покрај тоа што современите војски користат моторни возила и воздухоплови, сепак одредена конфигурација на теренот, вегетацијата и климатските услови различно влијаат на мобилноста. Без оглед на технологијата, потребно е да

се сфати како теренот ќе влијае на операциите. Сун Цу овде дава совети за извидувачите, како да препознаат елементи на борбениот распоред на противникот кога се движи на бојното поле. Прв пат во книгата се даваат примери на измама користејќи лажни вести. Ова е пример на информациски (психолошки) операции за да се создаде погрешна слика за тоа што навистина се случува, но и за да се подигне моралот на сопствените сили. Ова било многу често применувано во граѓанските војни во Кина во тоа време. По четврти пат во книгата, повторно ја истакнува дисциплината како пресудна за успешна војска и тоа преку фер-систем на награди и казни. Доколку во двете се оди во крајности, тоа е знак дека нешто не е во ред бидејќи е нарушен балансот. И денес принципот на „морков и стап“ се применува за да се одржи дисциплината во воените организации.
Десеттата глава се однесува на различни видови на терен и влијанието на секој од нив на воените операции. Покрај ова, Сун Цу повторно го истакнува значењето на лидерство за успех во војна. Истакнува неколку форми на недисциплина и поради што се јавува. Сите причини се поврзани со лошо лидерство, неодлучност, необученост, лоша организација и план, нејасни наредби, недостиг на физичка и морална сила. Последниците од ова се непослушност, дезорганизација, пропаст, пораз и уништување на војската. Од сите аспекти на лидерство кои ги дава, посебно ја истакнува грижата за потчинетите и личниот пример како карактеристики на добар лидер.
Единаесеттата глава се вика Девет ситуации, каде Сун Цу подетално се занимава со различните видови на терен. Од начинот на кој ги опишува карактеристиките и значењето на секој од нив, може да се заклучи дека тој го препознал тоа што денешната доктрина го нарекува клучен терен. Според



„Има војски кои не смеат да бидат нападнати, патишта по кои не треба да се оди и наредби на владетели кои не треба да се послушаат“



него, вештината на војување значи да се идентификува клучниот терен на боиштето неопходен за успешен тек на операциите. Овде Сун Цу потсетува на факторот брзина за да се запоседне клучниот терен и така да се доминира на боиштето. Успешен ќе биде оној кој ја има иницијативата. Како посебно значајна карактеристика за успешна војска го истакнува моралот и волјата за борба. Вештината на лидерот е да обезбеди висок морал со условите кои му се на располагање. Оваа глава во книгата е најобемна, бидејќи Сун Цу излагањата ги поткрепува со историски примери. Според напишаното, јасно се препознава дека има разлика кога една војска војува на домашен терен, наспроти војување на туѓа земја. Моралот и волјата на војниците да се борат се сосема различни. И ова останало релевантно до денес, бидејќи мотивот за работа се поттикнува на различен начин, во зависност од тоа дали војската ја брани својата држава од директна закана, или ги брани интересите на државата индиректно, надвор од сопствената територија. Во сите случаи, Сун Цу повторно ја става измамата како неопходност, дури и за да се мотивира војската кога се наоѓа на туѓа територија.
Дванаесеттата глава, Напад со оган, може единствено да се протолкува низ речникот на современата воена доктрина, како Сун Цу ги опишува специјалните операции. Примерот кој го истакнува била диверзантска акција на мала група борци кои незабележано влегле во противничкиот логор, подметнале пожар и создале паника кај непријателот, за главните сили потоа да го нанесат одлучниот удар. Оганот во тоа време било често употребувано субверзивно оружје, исто како и шпионите, со намера да се победи противникот однатре, на негов терен. Су Цу наведува во кои услови може да се користи оган за да се изврши таен, прикриен и ненадеен напад на противникот, со цел да се создаде страв и паника. Посебно нагласува дека е корисно да се подметне оган на неговите резерви и материјали (логистиката), за да му се одземат можностите да се одржува на боиштето. Затоа оваа глава е најрелевантна ако се сфати како совет за специјални операции врз добро утврден противник. Илјадници години подоцна ова останало релевантно, бидејќи во тактиката на специјалните сили се подразбира употреба на оган (експлозив) за да се уништат противничките капацитети и инфраструктурата на боиштето.
Тринаесеттата глава, Шпиони, е сржта на вештината на војувањето, она по што Сун Цу е најдобро познат. За успешно спроведување на операциите и воопшто за водење на војна, потребни се информации. Сун Цу вели дека познавањето на распоредот и на состојбата на непријателот не е лесно и „може да се утврди со помош на шпиони и само со помош на шпиони“. Тој вели дека за да се стекнат информации, тие треба да се купат, исто како што се купуваат сите други средства. Тој ги дели шпионите во пет категории и истакнува дека без мрежа на шпиони, нема шанса војската да биде успешна. Ова, преведено во денешната доктрина,



Без оглед на технологијата, потребно е да се сфати како теренот ќе влијае на операциите. Сун Цу дава совети за извидувачите, како да препознаат елементи на борбениот распоред на противникот кога се движи на бојното поле

значи дека без соодветно разузнавање, операциите не може да бидат успешни. Интересно го опишува профилот на шпионите, нешто што малку се променило до денес. На пример, точно прецизира какви луѓе обично се цел на врбување во категоријата внатрешни шпиони: „значајни луѓе што биле деградирани во службата, криминалци што биле казнети, конкубини алчни за злато, луѓе кои се оштетени со тоа што се поставени на подредени работни места или што не биле земени предвид при распоредот на работните места, други што се нетрпеливи нивната страна да биде победена за да добијат шанса да ја покажат својата способност и талент.“ Оние кои се незадоволни, противникот може да ги мотивира да станат внатрешни шпиони. Понатаму наведува примери за тоа како се прават двојни шпиони, како треба да се прави внатрешна контрола на сопствените шпиони за да се тестира нивната лојалност, како да се заведат шпионите за намерно да пренесат лажна вест итн. На крајот, Сун Цу предупредува дека мора да се биде внимателен со шпионите бидејќи се латентна опасност и за оној кој ги користи. И ова останало релевантно до денес.

Сун Цу, сепак, е најпознат по тоа што инсистира дека најдобра стратегија е онаа која без борба носи до победа. Сепак, последните векови војување кои кулминираа со две



светски војни ова го фрлаат во сенка. Во време на голема огнена моќ и недржавни актери кои може да дојдат до поседување на вооружување со голема огнена моќ, тешко е да се победи без борба. Многу порелевантна за модерната војна е потребата од разбирање на непријателот, неговите планови, предности, слабости и распоред на силите. Поседувањето на навремени и точни информации се неопходни и во конвенционална и во неконвенционална војна, но посебно кога двете се комбинираат. Нелинераниот концепт кој се обнови во последната деценија се темели на измама и проекција на лажни информации, а за тоа се потребни информации. За да се предвидат следните чекори на противникот, потребно е негово познавање.

Сè што напишал Сун Цу во „Вештината на војувањето“ укажува на важноста на постојаното учење на бојното поле. Исто како и пред две илјади години, и денес победува оној кој брзо учи и се приспособува. Но, за разлика од времето на Сун Цу кога товарот на победата бил на војсководецот, денес постои организациско учење за усовршување на воената доктрина. Искуствата од борбата против тероризмот во последните 20 години ја покажаа важноста на лидерството на сите нивоа, од сфаќање на намерата на политичарите, до преведување на големите идеи во тактички задачи на теренот.

Постои само една работа која загрижува кога се обидуваме да го преведеме учењето на Сун Цу во денешното оперативно опкружување. Тој ги ценел оние воени лидери кои брзо победувале, велејќи дека видел како „војните може да се водат набрзина и да се прават грешки, но никогаш не видел војна која вешто е одолговлекувана – ниедна држава немала корист од долготрајно војување“. Според него, брзината е од суштинско значење, бидејќи долготрајните војни се скапи, ја исцрпуваат војската и ја осиромашуваат државата. Проблемот денес е што воените конфликти стануваат сè подолги, а одржувањето на војските е сè поскапо. Дури и богатите држави имаат проблем како да се справат со трошоците за одбрана. Оваа разлика денес, наспроти учењето на Сун Цу, се должи на современата политичка и социјална реалност. За разлика од минатото кога војните завршувале со брутална употреба на сила, денес тоа има спротивен ефект. Сè почесто војните завршуваат со договор меѓу актерите, а за да се постигне тоа е потребно повеќе време.

Ѓорѓи Вељовски



# Историја на конфликтите во Јужен Судан

Маргинализација" како термин во суданскиот политички жаргон е присутна повеќе децении. Овој термин ја детерминира неможноста да се воспостави стабилна воено-политичка рамнотежа и обединување на политичките партии во однос на стратешките национални определби на Судан без константно медијаторство на меѓународните политички актери. Корените на маргинализацијата потекнуваат уште од доцниот среден век кога Судан бил под османлиско-египетско колонијално владеење (1820-1885) година, како и за време на кондоминиумот, односно за време на колонијалното владеење на Британија и Египет (1899-1956) година. Колонијалното владеење иницирало политики на концентрација на економскиот развој и моќ во рацете на капиталистите, а со самото тоа воспоставување на капиталистички систем на владеење и поделба на државата на богати и сиромашни граѓани кои главно, тогаш, како и денес се издржуваат од земјоделското производство.

Јужен Судан се управува врз основа на децентрализиран демократски политички систем, а воедно претставува мултиетничко, мултикултурно, мултијазично и мултирелигиозно општество. Во моментов, Јужен Судан има
13 157 266 жители. Над 80% од населението живее во руралните средини, така што е зависно од земјоделството како основна егзистенција.Во периодот од XVII до крајот на XIX век, Судан е под колонијално владеење на Османлиската и Египетската Империја, а нешто подоцна под владеење на британските колонијалисти. Историските корени на борбата за независност на Јужен Судан од Судан започнуваат по завршувањето на Втората светска војна. Притоа, Јужен Судан тврди дека Картум целосно го наметна арапскиот идентитет, така што Јужен Судан се откажа од федералистичкиот систем на власт. Сето ова резултираше со Граѓанска војна која траеше до 1972 година. Втората граѓанска војна започна во 1983 година, а беше поттикната од одлуката на тогашниот претседател Џафар Нимеири (Jaafar Nimeiri) преку воведувањето на шеријатското право и преку недозволувањето на автономија на Јужен Судан.

Судан станува независна држава на 1 јануари 1956 година, како резултат на комплексна војна со две империјални сили, Велика Британија и Египет. Со оглед на тоа што повеќето држави во Африка добија независност преку политички преговори со еден колонијален господар, Судан мораше да се ослободи од две земји кои, според историските извори,

> Територијата на Република Јужен Судан ја опфаќа територијата на трите поранешни јужни провинции: Бахр ел Газал (Bahr el Ghazal), Екваторијал (Equatorial) и Горен Нил (Upper Nile). Република Јужен Судан се граничи со Судан на север, Етиопија на исток, Кенија и Уганда на југ, Демократска Република Конго на југозапад и Централноафриканската Република на запад



Економијата на Јужен Судан се потпира на земјоделството и на нафтените рафинерии кои дури 98% учествуваат во полнењето на националниот бруто-домашен производ. Поголемиот дел на нафтени резерви на Судан се во Јужен Судан, додека рафинериите и гасоводот се во Судан, создавајќи меѓусебна зависност и причина за континуирани конфликти помеѓу двете држави. Освен ова, нерешени спорови овие две држави имаат и со: државјанствата, прекуграничната безбедност, демаркација на границите и поделба на ресурсите и обновливите извори на нафтени деривати и природни и минерални руди

владееле заеднички како кондоминиум, односно преку договорени сфери на влијание на територијата на Судан. Во периодот помеѓу двете светски војни, Јужен Судан поминал низ континуирани граѓански војни.
Во периодот пред независноста на Судан во 1956 година, Јужен Судан како составен дел од Судан била колонијална територија како и Судан. Во периодот од 1956 до крајот на 2010 година, Јужен Судан е во составот на Судан. Јужен Судан е најмладата независна држава во светот формирана во 2011 година. Кратко време по прогласувањето на независноста на Јужен Судан, која беше изгласана на референдум со над 98% поддршка од населението на новосоздадената држава, избива граѓанска војна во државата. Владините сили предводени од претседателот Салва Кир, како воени сили на располагање ја имаа армијата на Јужен Судан, од причина што тие се власт во државата. Армијата на Јужен Судан брои околу 200 000 војници, односно организациско-формациската структура на армијата ја сочинуваат три корпуси: Првиот корпус Вej (Way) се состои од две дивизии: 3. северна (Northern) и 5. западна Балхр ел Гхазал (Western Balhr El Ghazal). Вториот армиски корпус Малакал (Malakal) се состои од три дивизии: 1. Горен Нил (Upper Nile), 7. Горен Нил (Upper Nile) и 4. Обединети (Unity). Третиот армиски корпус се состои исто како и вториот од три дивизии: 2. Централна екваториа (Central Equatoria), 6. Западна екваторија (Western Equatoria) и 8. Јонглеи (Jonglei). Вооружувањето со кое располага армијата на Јужен Судан е, пред сè, за водење на копнени и воздушни операции. Лесните пешадиски едници се вооружени со автоматски пушки АК-47 7.62 mm, рачни ракетни фрлачи РПГ-7 (RPG-7), SA-7 (Manpads) и ДШК 12.7 мм (DSHK 12.7mm). Тешките и оклопните пешадиски единици се вооружени со: тенкови Т-55 и Т-72, како и артилериски орудија БМ-21 122мм. Од борбените воздухоплови армијата располага со МИ-17 В-5 (MI-17 V-5) и МИ-17/2 (MI-17/2). Целокупното вооружување на армијата главно е од американско и од руско потекло.
Покрај армиските сили, претседателот на Јужен Судан, Салва Кир, има целосна поддршка од етничката заедница Динка, која брои над 2 милиони жители во државата. Од друга страна, неговиот опонент и лидер на најголемата опозициска партија во Јужен Судан, Ерик Махар има целосна поддршка од етничката заедница Ниер, која брои нешто помалку од 2 милиони жители во Јужен Судан, како и од останатите опозициски партии.
Граѓанската војна во Јужен Судан во декември 2013 година резултираше со над 50.000 убиени лица. Притоа, ако се земе предвид целокупната статистика на убиени, тешко повредени и ранети, оваа бројка се искачува на неверојатни 383.000 лица. Притоа, околу четири милиони лица се внатрешно раселени или мигрирале во соседните земји. Во текот на 2018 година нагло се зголемува меѓународниот притисок кон претседателот Салва Кир (Salva Kiir) и лидерот на опозицијата и поранешен потпретседател Риек Махар (Riek Machar), за да постигнат договор за ставање крај на конфликтот, вклучувајќи ги овде и конкретните санкции на ООН и на САД околу ставањето на ембарго на меѓународните легални и нелегални канали за набавка на оружје.
Поминаа повеќе од пет години од граѓанска војна во Јужен Судан, притоа Кир и Махар учествуваа во преговорите со посредство на Уганда во јуни 2018 година. Резултатот на овие преговори помеѓу Кир и Махар беше потпишувањето на Декларацијата во Картум, која вклучуваше прекин на огнот и преговори за поделба на власта со цел ставање крај на војната. Конечниот договор за прекин на огнот и поделба на власта се потпиша во август 2018 година. Мировниот договор беше со цел да стави крај на граѓанската војна, а истиот го потпишаа владата на Кир и лидерот на опозициската партија Махар, заедно со неколку бунтовнички фракции во Јужен Судан. Спогодбата наречена Ревитализиран договор (Revitalized Agreement) за решавање на конфликтот во Јужен Судан, вклучуваше нова структура за поделба на власта и го врати Махар како потпретседател во Јужен Судан. Кон крајот на октомври 2018 година, Махар се враќа во Јужен Судан на националната мировна прослава за одбележување на крајот на граѓанската војна. Сепак, безбедносните извештаи и анализи укажуваат на континуирани напади, така што претходно потпишаните мировни договори ја истакнуваат сериозната загриженост на одржување на и онака кревкиот мир во Јужен Судан. Во декември 2013 година политичката војна помеѓу Кир и Махар доведе до зголемување на насилствата помеѓу војниците од етничката група Динка (Dinka), кои му се лојални на Кир и оние од етничка група Ниер (Nuer), кои го поддржуваат Махар. За време на конфликтот, Кир објави дека Махар се обидел да направи државен удар, така што конфликтот за брзо време се проширил во регионот на Јонглеи и Горен Нил (Jonglei, Upper Nile). Од почетокот на конфликтот, вооружени групи ги насочувале цивилите по етнички линии, вршеле насилство и силување, уништувале села и ограбувале имоти, а регрутирале и деца во нивните редови.
Под закана од меѓународни санкции и по неколку рунди на преговори поддржани од Меѓувладината управа за развој (МУР) Intergovernmental Authority on Development (IGAD), Кир потпишува мировен договор со Махар во август 2015 година. Како прв чекор кон ставање крај на граѓанската војна, Махар се врати во Џуба во април 2016 година и уште еднаш положи свечена заклетва како потпретседател,

откако беше две години надвор од земјата. Набргу по неговото враќање, избувнаа насилства меѓу владините сили и опозициските фракции, што резултираше со раселување на десетици илјади лица. Махар, кој избегал од земјата, бил уапсен во Јужна Африка. Во 2017 и 2018 година направени се серија преговори за прекин на конфликтот, кои потоа биле прекршувани од двете страни.
Кон крајот на декември 2013 година, Советот за безбедност на ООН одобри брзо распоредување на околу 6.000 припадници на меѓународните воени сили, покрај 7.600 мировници и воени набљудувачи на ООН кои претходно се присутни во земјата со цел да помогнат во напорите за градење на мирот и беа изложени на ризик од недостиг на храна.
Почнувајќи од крајот на 2011 година, ООН заедно со САД се лидери во преговорите за обезбедување дипломатска и хуманитарна помош помеѓу спротивставените страни, со цел враќање на независноста во Јужен Судан. Пред избувнувањето на граѓанската војна во 2013 година, САД го поддржаа Народноослободително движење на Судан (НОДС) – Sudan People's Liberation Movement (SPLM), кое стана влада во државата.
Од својата независност во 2011 година до сега, во владата на Јужен Судан доминираат претставници од поранешната бунтовничка група,



Народноослободително движење на Судан (НОДС) – Sudan People's Liberation Movement (SPLM), која повеќе од две децении се бореше против владата на Судан од северниот до јужниот дел на Судан. Јужен Судан е сиромашна држава, со слаби и неефикасни државни институции, брз наталитет на населението, континуирана нестабилност како резултат на внатрешни и меѓудржавни меѓуетнички конфликти. Создавањето на новата нација во Јужен Судан се соочи со неколку сериозни проблеми. Односите со Судан беа затегнати, а режимот во Картум ги поддржа бунтовничките групи во Јужен Судан, додека режимот во Јуба обезбеди оружје за бунтовниците во Судан. Покрај тоа, Јужен Судан беше сериозно раздвоен од внатрешните позициски и опозициски политички и бунтовнички фракции, кои преставуваа сериозна причина за суданската влада да спроведе тактика на поделба и континуирана реконсолидација на цивилниот конфликт во Јужен Судан. Новосоздадената нација беше слаба на интерен, на политички и на инстуционален план и не беше во можност без меѓународна помош и поддршка да направи целосна консолидација на состојбите во државата. Сеопфатниот мировен договор и процесот на независност на Јужен Судан оставија нерешени неколку клучни прашања кои би можеле на крајот да го уништат целиот мировен процес. Нерешените прашања околу граничните спорови и размената на ресурси (приходите од нафта и водите на Нил) претставуваат прашања за кои ескалираше конфронтацијата со Судан. За она што се однесува на водите на Нил, тие потенцијално го изложуваат Јужен Судан на ризици од конфликти и со други регионални актери, вклучувајќи го и Египет. Јужен Судан ќе треба да се фокусира на градење држава и нација, продлабочување на градењето на мирот, спречување на конфликти, подобрување на безбедноста и создавање процес на брз економски развој за намалување на сиромаштијата, со цел да се обезбедат придобивките добиени преку независноста. Според неодамнешните научни истражувања на СИПРИ (SIPRI - Stockholm international peace research institute), сценариото за поделено политичко раководство во Јужен Судан до и после 2020 година е мошне веројатно. Според сеопфатната анализа ова сценарио е со среден интензитет. Лидерите на двете најголеми политички партии во Јужен Судан се свесни дека ова сценарио не води кон никакво решение на проблемите во Јужен Судан, но од друга страна се надеваат дека ова сценарио ќе доведе да најефикасни методи на политичко решение преку примена на методи на преговори и медијаторство помеѓу двете најголеми партии. Следствено на ова, после 2020 година или, поточно, од 2024 година натаму, сценариото кое го предвиде СИПРИ се однесува на сценариото „обединување во различноста“. Според престижните меѓународни научни институции, организации и престижни меѓународни научни списанија како: СИПРИ, „Воен баланс“ (Military balance), „Светска политика“ (World politics), „Журнал за политичка мисла“ (Journal of Political Science), „Американска политичка наука“ (American Political Science Review), „Политички анализи“ (Political Analysis), „Журнал за решавање на конфликти“ (Journal of Conflict Resolution), „Меѓународна безбедност“ (International Security), „Конфликт-менаџмент и наука за мир“ (Conflict Management and Peace Science) и други, заклучуваат дека сценариото „обединување во различноста“ е најдоброто можно сценарио за сеопфатниот напредок на едно современо демократско општество во XXI век. За вакво политичко уредување несомнено се залагаат и политичките лидери на двете најголеми политички партии во Јужен Судан. За ова политичко уредување да стане реалност, денес се преземаат чекори за да првичните резултати се согледаат после пет, односно десет години.

воспоставувањето на авторитативна власт. Во мај 2014 година, Советот за безбедност на ООН гласаше за пренасочување на мандатот на мисијата од градење на нацијата во мисија за цивилна заштита, дозволувајќи им на безбедносните сили на ООН да употребат сила кога ќе се прекршат резолуциите и конвенциите за заштита на цивилното население и прекршување на човековите права. Притоа, мисијата на ООН во Република Јужен Судан се соочи со екстремни предизвици поради влошувањето на безбедносната ситуација и нејзиниот комплексен однос со владата на Република Јужен Судан. Поради ова, ООН одобри распоредување на дополнителни 4000 илјади мировници како дел од регионалните сили за заштита во 2016 г., иако нивното пристигнување беше одложено до август 2017 година. Хаоплексниот конфликт во земјата драстично го намали земјоделското производство и предизвика недостиг на храна низ целата земја. Во јули 2014 година, Советот за безбедност на ООН ја прогласи кризата со храна во Јужен Судан како „најлоша во светот“. Гладот беше прогласен во првите неколку месеци од 2017 и почетокот на 2018 година, при што над пет милиони лица

д-р Андреј Илиев



# „Прво го убија татко ми“

Штит“ овој месец ве води во разбунтуваната џунгла на Истокот, во Камбоџа, 1975 година. Ова е филм на оскаровката Анџелина Џоли која ни е добро позната како актерка, а овојпат се јавува во улога на режисер. „Прво го убија татко ми” нè носи во мрачното минато на оваа земја, во времето кога оваа земја била приклештена под режимот на воената диктатура на „Црвените Кмери“. Што значело да се живее и да се преживее во таа диктатура гледаме низ очите на седумгодишното девојче Унг, чие потесно семејство ќе ги почувствува сите зла на режимот. Лонг Унг се јавува и како косценарист во овој филм, заедно со Анџелина Џоли, а самиот филм се базира на нејзините мемоари по коишто е насловен и самиот филм.

## Подемот на диктатурата

Знаејќи ги фактите за приватната, блиска релација на Анџелина Џоли со Камбоџа од една страна, како хуманитарка-амбасадорка на добрата волја на Обединетите нации, но и фактот дека таа има посвоено дете кое потекнува од оваа земја (нејзиниот син Медокс е извршен продуцент на филмот), нема сомнежи дека овој филм го има извлечено веројатно максимумот од режисерката во однос на квалитетот и посветеноста. Главната протагонистка, Лонг Унг е едно од седумте деца на висок чиновник, близок на власта во Камбоџа. Функцијата на таткото и неговите блиски релации со американската амбасада обезбедиле комфорен живот за ова семејство во главниот град Пном Пен. Но, сето тоа се менува буквално преку ноќ, кога Американците наеднаш ја напуштаат амбасадата и си заминуваат од земјата, на тој начин отворајќи пат за влез на диктатурата на „Црвените Кмери“. Нивното триумфално влегување во главниот град истовремено значи егзил на целокупното население и протерувањето се покажува дека е само почеток на сè што допрва ќе следи. „Прво го убија татко ми” е филмска илустрација на сите хорори завиени во политичката идеологија и комунистичка индоктринација на „Црвените Кмери”. Новите правила не само што значат егзил на населението од нивните домови, туку подразбираат, исто така, конфискација и забрана на сè што доаѓа од западниот свет, вклучувајќи и лекови неопходни за преживување и спасување животи. Луѓето се протерани и стационирани во работнички кампови, но таму стигнуваат само оние кои на патот до таму, поради некоја причина не биле убиени, а во камповите ги дочекува вистинското лице на суровоста – деноноќна и немилосрдна работа, болести, гладување, војничка дисциплина, лишување од религија, од секакви материјални и духовни добра, од задоволства и најважно од сè, немаат никакви човекови права. Но, и



покрај силната и постојана идеолошка пропаганда, луѓето не веруваат на она кое им се „сервира“ од страна на „Кмерите“. Гладот, сиромаштијата, стравот за сопствениот живот се погласни од која било индоктринација. Луѓето во овие кампови не живеат, туку преживуваат.Така е и со семејството на малата Унг - еден по еден, нејзините најблиски стануваат едни од многуте жртви на режимот и преминуваат на другиот свет... Но, во светот на „Кмерите“, нема време дури ни за тажење, жалење и оплакување.

## Тегобноста на детскиот свет

Кога „Црвените Кмери“ влегуваат победнички во Пном Пен, со врева и парада по улиците, тогаш петгодишната Унг, како и секое дете, не разбирајќи што тоа значи, се радува на нивната парада. Но, нејзиниот татко е свесен што ги чека и дека е доцна за бегство. За да преживее неговото семејство, тој лаже дека е работник во магацин. Оставени на улица, без ништо, отфрлени од роднините поради стравот да не се дознае блиската релација на таткото со Американците, семејството завршува во работнички камп, каде мораат да го започнат животот одново. Но, сè што произлегува како плод на нивната работа, оди за војниците кои се борат против Виетнам во новонастанатиот конфликт меѓу Виетнам и Камбоџа, а брзо потоа, трите најстари деца и таткото се тргнати од полињата и однесени да се борат. Во филмот го гледаме најлошото од сиромаштијата – гладот, кој влегува во психата на луѓето и ги тера да бидат себични за да не умрат, беспомошноста на родителот да помогне на сопствените деца... Гледаме дете, кое во нормални услови би требало да има безгрижно и среќно детство, да мисли на игра, но наместо тоа, го осознава светот во неговото најлошо светло. Унг е премногу мала да ги почувствува вистински загубите кои ѝ се случуваат и последиците од нив, иако ги гледа со свои очи. Нејзините мисли се преоптоварени со слики и соништа од погубувањето на нејзиниот татко, сликата на нејзината најстара сестра која е вратена од фронтот за да умре, веќе скршена од прегладнетост и од болести, мајка ѝ која веројатно е исто така безмилосно егзекутирана. Една од веројатно најпотресните сцени во филмот е токму онаа каде мајката чувствува такво ниво на беспомошност и немоќ, веќе предвидува дека смртта е блиску, што ги испраќа своите деца во бегство на три различни страни во џунглата, сами да се



обидат да најдат спас во нов работнички камп. Секое дете да се бори за себе. Режимот на „Црвените Кмери” е токму тоа, дефинирано во еден израз – разделени, распарчени и егзекутирани семејства. Но, авантурите на малата Лонг Унг добиваат нов правец во новиот камп. Условите таму се многу подобри, но Кмерите, како што ја губат војната, го регрутираат буквално целото население да се бори. Без разлика на возраста. Така Унг станува дете-војник. Ако нејзините врсници во други земји учат да пишуваат и да читаат, Унг учи како да поставува стапици за виетнамските војници, како да минира полиња, како се оперира со автоматска пушка, како се забива бајонет во градите на непријателот. Таа станува вистински војник.

## Национален геноцид

Диктатурата на „Црвените Кмери“ покосува околу една четвртина од целокупното население на Камбоџа за само неколку години, што оправдано се именува како геноцид врз сопствениот народ, а земјата ја остава во крајно лоша состојба и загуба. За оваа ситуација Џоли го вперува прстот токму во нејзината татковина (Америка), како виновник, која прави инвазија во неутралната Камбоџа за време на Виетнамската војна, за да го „извиси“ подоцна населението, креирајќи еден вакуум на моќ во земјата кој некој треба да го пополни, а за жал тоа се „Кмерите“. Така, во политички контекст, можеме да кажеме дека станува збор за антиамерикански филм.
Одвреме навреме, Џоли нè враќа во сеќавањата на малата Унг, во минатото кога живееле убав и безгрижен живот, и тие сеќавања се полни со боја, свежина и раскош. А потоа, прави скок назад во реалноста, во сегашноста, каде светот е избледен и нема никаква надеж.
„Прво го убија татко ми” беше кандидат за Оскар со кој аплицираше Камбоџа за филм од неанглиско говорно подрачје, но не успеа да стигне до номинација. Сепак, успеа да се закити со повеќе други номинации и награди и наиде на позитивни зборови од светската филмска критика и е оценет како навистина квалитетен филм каде Џоли се надминува себеси во перформансот како режисерка.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Angelija Jolie

**Сценарио:** Angelina Jolie, Loung Ung

**Улоги:** Sreymoch Sareum, Kompheak Phoeung, Socheata Sveng, Dara Heng, Kimhak Mun

**Монтажа:** Xavier Box, Patricia Rommel

**Музика:** Marco Beltrami

**Времетраење:** 136 минути

**Земја:** Камбоџа\ САД

**Година:** 2017

**Награди:** Преку 10 награди и преку 40 номинации за различни награди на светските фестивали

# Во посета на Воздухо



Учениците од трето одделение од основното училиште „Коле Неделковски“ во општина Центар, заедно со нивните одделенски наставници Пепица Павлова и Сузана Бачовска, реализираа посета на Воздухопловната бригада во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец. Целта на посетата беше запознавање со воената професија, со капацитетите на Армијата, со активностите на Воздухопловната бригада и со расположивите воздухоплови и средства. Посетата започна со запознавање на дел од персоналот од Воздухопловната бригада и нивните работните задачи кои ги имаат во еден работен ден. Потоа, на задоволство на сите ученици, беа изложени неколку воздухоплови во кои учениците имаа можност да влезат и да им поставуваат прашања директно на пилотите и на техничарите-летачи, кои за време на целата посета ги придружуваа учениците. Во текот на разговорот учениците се стекнаа со интересни факти и корисни информации за мисијата и улогата на единиците на Армијата, кои се одговорни за обезбедување на целосниот суверенитет на државниот воздушен простор, како и за нивната улога во учеството при елементарни непогоди и катастрофи.

Разгледувањето на сите средства ја поттикнуваа детската љубопитност и фантазија за професијата пилот и воената професија воопшто. Притоа, треба да се истакне интересот и на момчињата и на девојчињата после сознанието дека во Бригадата има и жена-пилот која се занимава со оваа професија. Многубројните и интересни прашања беа насочени за техничкиот дел и за начинот на управување со воздухопловите, нивната тежина, моќност итн. Овој интерактивен дел ги поттикна учениците да ја изразат својата желба во иднина при изборот на своите професии да се одлучат токму за воената професија и да бидат идната генерација на пилоти. На крајот од посетата, персоналот од Воздухопловната бригада на учениците им приреди вистински училиштен час во кој се спроведе квиз на кој учениците ги презентираат стекнатите знаења од посетата.

Воздухопловната бригада на Армијата е секогаш подготвена и отворена за посета и соработка со цивилни институции,  а особено за најмладите. Ваквиот вид на соработка уште еднаш ја потенцира есенцијалноста на воено-цивилната соработка и потребата од ваков тип на посети преку кои се промовира професијата пилот.

Елена Иванова
Кристина Илиевска

# пловната бригада
















